Ж III 175
Инв. ф. 14055

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ПО ФИЛОСОФИЈА

Драшко Бјелица

# ПРОБЛЕМОТ НА ОДНОСОТ НА ФИЛОСОФСКИТЕ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

докторска дисертација

ментор
професор др Ферид Мухиќ

Скопје, 1993.

## СИНОПСИС


Пред-говор
ероттематички пред-знак на "Дедаловиот" патоказ ... 3

Едно-Вечно-Едно "?"?
Парадоксите на Философијата-Философот во епилема

Аријадниниот Алфабетар
на еротетичките кругови

I Прашање на Прашањето - УПИТ ... 8
II "НЕ оди" да не се оди ... 10
III Учење со одучување ... 12
IV Вечна загатка ... 13
V Ја чувствувате ли парадоксалноста на односот Прашање-Одговор ? ... 15

VI Ништо - без повод ? ... 17
VII Ориентална танцова фигура на мислите на Окцидентот 21
VIII Еротетички Лавиринт ... 22
IX Безусловен услов ... 35
X "Длабок вир", кон феноменологијата на негативната свест ... 47

XI Сакаш ли да знаеш дека не се знаеш себе-си ? ... 55
XII "Сѐ се менува"? ... 67
XIII "ДА" во "Да-ли?" ... 71
XIV СЕГА не е само "гроб на животот" ... 86
XV "Тетрактис", Тајните светови во симболиката на логичкото ... 87

XVI *Respondeo dicendum* ... 97

XVII ИЗВОРИ ... 1о1

# П р е д г о в о р

Тоа "пред", тоа енигматично а-темпорално "пред" - на предговорот како таков - ете во што се чини дека е "скриен" целиот "Проблем ... ". Предговорникот, тука е, <u>на прагот на свеста на прашањето како такво, на излезот</u> од божемната "куќа на битието" во која "мислењето занемело".

Наукот на "Познатите" е: "секое испитување - 'каде самото нешто длабоко е скриено' - го избегнува натценувањето на сопствените резултати". Добро, и тоа е резултат на испитувањето на испитувањето. Само, како се воопшто можни и дали се, сé уште, можни?

Како да е самата праубавина во прашањето, но, "каде е ... "?

Да го замислиме испитувачот во налет на опсесивен насет - тој самиот и самата можност на философските испитувања, како "самото нешто", да се некаде "длабоко скриени" под тегот на резултатите на полимилениумските испитувања - како да некако го, како од Ниса занесен од насетеното, допрел недопирливото атлантидско тло на можностите на испитувањето? Питија, а што повеќе?! Восхитувањето кон изнурнатата "од морската пена" не ишчезнало во чудењето што на дланката (на испитувачите) останала "само капка посолена и погорка" од водата на бранот кој ја донел.

Оној кој се чини дека е, дали е, навистина, стигнат на целта - всушност, поставен-а на стартот? "Го решил проблемот?"? "Одговорил на прашањето?"? "Ја оспорил или докажал хипо-тезата?"? "Со кои методи?"? "Во дело-творна форма?"? Важи! Најпрвин, заради споредба, комуникација и вреднување на "самооткровението", на увид на читателите им го нудам синопсисот на "симптомите на опсесивниот насет и насетеното" (извод од "Образложение на темата", кое, еве, подготвувајќи го Предговорот, повторно сум го прегледал, прв пат откако е напишано пред неколку години).

Убавина или ужас: царство на одговорите каде-и-кога се неми сите прашања? Знаењето како граница на сознавањето - како да се ишчезне од "светот на сепознатото"? Философските одговори не ги ништат философските прашања. Во какво ли тоа пеколно негирање и самоидентификување настануваат философиите? Ововремените философи како да философираат од ововременото незадоволство со состојбата на проблемот на не-возможноста на философирање од самиот извор на философирање. Од едно единствено доживување на знаењето ништо знаење се раѓа философот. Рече "не знам", замина, се врати(?!) во Непознатото, родина или туѓина на секој од нас. Уште само времепловниот ум (моќта на вообразбата или некакво си "сетило") може да го чуе Упит-от од незанемената Сократова реч. Дали е било како возможен некаков начин на пристигнување до себе - распатие-на-можности на испитувањето, кои се тоа што се - единствени, неповторливи можности на испитувањето - единствено за испитувачот во епилема?

Свртувајќи го погледот кон искуството и иницијалните методолошки "наоди" на сопственото иследување на "Проблемот на идентифицирање и негирање на границите на со-знанието",

воочив[1] и предочив некои од релациите на знаење-незнаење и насетените структури на доживеалицата знаење ништо знаење (во кои само што се навестувала светло-темната идеја на еротетичкиот магичен круг[2], но не е ниту насетено волшебството на "фантастичната ноќ"). Зраците на сознајното интересирање беа расеани во калеидоскопот на состојбите на свеста: инсуфициенција на свеста за непознатото; не-сознајна не-заинтересираност не-зависно од емотивните и волевите состојби и емотивните, волеви, вредносни и практични односи спрема испитуваното; со набљудување собрани во само-набљудувањата на непознатото, во интелектуализација на само-набљудувањето на непознатото, па, во односот спрема не-сетилно не-познатото.

Од долгогодишните (асистентски) искушувања на лавиринтот на можностите - на воведувања во философијата, наедно, од логичките "танцови фигури" - осамнувала и самата

---

[1] Во овој миг се присетувам на поранешното, не на првото, самоогледување во прашањето - во, тогашната, за огледникот не баш јасна светлост на прашањето и сосема поинаквото доживување на прашањето како такво - скриено со симптоматичниот "збор" на огледот: "Гледиштето на мислењето и мислењето на гледиштето".

[2] Сплетот на случајностите ги уредил еротетичките кругови, возможно е и поинакво уредување на едно бесконечно мноштво на круговите на Едното. В ред?

Идеја[3] на (еротетичката) философија, во која се "прекршуваат" и перспективите на философијата на философијата, на чии висини веќе сме - свесно или, главно, наивно-несвесно - со самиот чин на мислење на испитуваниот "Проблем ...". Во духот на еротетичката философија е и тоа да не екскомуницира ниту една, ниту пак да се приклонува кон било која историски испробана или сѐ уште-не-испробана можност на философирање, како таква таа е она еротетичко на секоја можна философија[4], и не само на философијата. Со неизмерно богатство на сите свои одговори - спознаени или не - прашањето "Дали?" е над самиот "амбис" на Упит-от! Семоќното или немоќното "Да" вечно трепери во сопственото прашање "Да-ли?", во севременото самоиспитување - а човештвото ги искушувало само незначителните можности на незначителните одговори. Дали ќе ги искушуваат и поинакви, било кога ќе се огледаат во светлостата на прашањето какво такво, или, побесно отколку на Беркли, ќе завиваат зловолно на испитувачот?

---

[3] Рака на срце, предзнакот на <u>личниот пресврт</u> во разбирањето на философијата е забележан во емоцијата предизвикана од читањето на "нај"-философските "не"-философски (најмалубројните*) записи: за состојбата на "губењето на тлото под себе" во време на раѓањето на философот и повторното настанување на светот во кој философот го препознава својот лик ( ... , Анселмо, Декарт, Хусерл, ... ). А за записите во состојба на "губење на тло под себе" - ни трага.

*А зошто затемнувања на мракот на "раѓањето" на идејата?

[4] Очигледно, во "подножјето" на еротетичката философија е (евентуалното) пребрзано асоцијативно толкување и мешање на еротетичката философија со агностицистичките можности на философирање или со обезвреднување на философските одговори.

Текстот на дисертација е тест на доверба во "внатрешниот глас", во граничните ситуации. Неговата повест е повест на неволјата и радоста на испитувањето. Пишува кога не може да не пишува. Најнесреќни или најсреќни се испитувачите кои или не го наоѓаат она што го бараат или се најдуваат онаму каде и не ни насетувале дека ќе се најдат.

# I

Искушувајќи ја слободата во предавањето на "Проблемот ..." и барањата кои од "Него" произлегуваат, се најдов во Прашањето. Може да се провери, истото со истата метода, "прекрасно е и два и три пати да се повторува и испитува што е тоа прекрасно".

По две децении философски студии, опивања на гозбите на пријателите на мудроста, во просторот на полимилениумскиот "Философополис", повторно го испитувам зборот по кој европската философија го памти својот временски прв толкувач на знаците на Делфи. Најлесно е, вели, другиот да го советуваш, да се запознаеш себе, најтешко е. Ја испитувам - не го решавам решеното - неодгатливата едноставност; ги искушувам можностите (на толкувањата) на "најтешкиот"(,) парадокс или парадоксите на оној кој не (се) знае, *ergo*, на оној кој (се) прашува, на фило-софот, на човекот. Лајтмотив на иницијација во философијата - на самооткровението на философот во философијата - е парадоксалноста на односот ученик-учител по фило-софија.

Кој дури и во сон "бил еднаш еден" Питагоров ученик на кого му е забрането да го постави прашањето, можеби - и покрај сето тоа, во желба да ја предизвика Непознатата - го запрашал учителот: "<u>а што е тоа прашање</u>?". Ја насетува ли некој неволјата на толкувачот* на сонот, да не може да се присети: дали, и ако, што учителот нему му - и, на кој начин - <u>одговорил?</u> Ако кој и да е нешто знае, ако не е без соништа, ако не му се опустошени сите соништа, нека не скржави во дарувањето на толкувачот на сонот. Само, нека никој не ги

---

*<u>превел</u> од српско-хрватски на македонски јазик Бранко Ѓорѓиев

буди успаните, и нека никој не биде ни успан, ни толкувач на сонот како оној ученик кого што Питагора го сонувал. По неколку илјади години реинкарнира во ликовите на бесмртната пофалба на Еразмо Ротердамски, па, во ликот на Заратустрината луда, и Заратустриниот најсмешен и најтажен слушател. Тој не (се) прашува, ниту себе, ниту другите, а и него никој ништо не го прашува. Сигурен во себе, живурка во "некаков" одговор. Унапреден е во учител по филодоксија, во време на смртта и на пеењето и на мислењето, во време на испивањето на отровот и збогувањето на Сократ (во нас) од нас самите, во време на преобразената Минервина утка во досадна, дрдорлива и кокетна Касандра.

Оној кој уживал во лудата надигрувачка мисловна игра на индискиот мудрец Нагарѓуна, **на патот е** да го разбере јазикот на архаи-те и неискажливата радост на повторнородените.[5]

---

[5] Во себе отворено - "Писмо" Н$^{\circ}$ седум - разбра(в-те)?!

## II

"Не оди" да не се оди, а ни без дар да се оди на "гозба" на ближни кај близок. Чудесен во поучувањето на оној кој дава да се поучува, вели дека "патчето е тешко, тесно како ивицата на сечивото", а само со самопреобразувачкото самоиспитување може да патува оној кој се колеба пред да се одлучи да тргне сам на најдолгиот можен пат: кон себе самиот. А зошто дар без дароприматель-дародавец? Блажениот дароприматель нека го прими дарот без дародавец, ако дародавателот - негде на некое пусто острово или во Адот - ги испитува прашањата поради кои доброволно е тука, а поради стравот на обвинителите и судиите од омраза е "казнет" на вечна љубов на испитување. На лакедемонците ни на лош збор дар да не му одречеме, вистинит ако е; и ако не е, нешто убаво сокрил. Ни убав, ни вистинит, зарем на лакедемонецот од лакедемонците е?

И Хиперион на Диотима со љубовта и се проколнал дека сред Пустополе извор ќе најде. Тука - во Не-пустополе, на изворот во градината на р'тење и цветање на родот и породот на Прашањето на прашањата - Одговорот е: се наоѓаме, дури и не ме било на "првата берба". Се колнам во Непознатата Птица на Непознатиот, листаат?! Сега, не порано, само тоа? Да(-ва), по лист на лист, на ноќ на бдеења. Сонува возлети и слетувања на Ерот. Било што, зрее ли? Што пишува на јазикот на кажување на неискажливото? Безгласните читатели го слушаат неслушливото во сетилното: во опипливо-видливото -... од знаците на лицето на лисјата разлистени од раскаменетиот омфалос.

Се искрадов себеси, од играта на Атинините деца на полноќта, за миг; сам, озрачен со светло-темните икс-зраци на Венера, невидлив, како лебед талкач украдов пелцер. Ни прв, ни последен "грев"; ни "жртва", ни "прводородено" е; за искушување на "гозба" не е; ни цвет, ни украс, но, со дарови на ближни, <u>праштање на праштањето</u> како "Едно и сè" таинственото е на таинствениот дародавец-даропримател-<u>инспирацијâ</u>, на <u>филозофот</u>.

## III

### П о с в е т е н и о т

ученик-учител по философија,
философијата со одучување учи:
ни учителот, ни ученикот ни;
нит' Она е - чудесна убавина,
фило-софијата сама - а-ко(ј) ни
учителот-ученикот, а-ко(ј)
философот - ни



## IV

Не прогледаат ли со невидливото и не го здогледаат ли невидливото, самите на себеси остануваат туѓинци како што им е и филосoфијата туѓа. Филосoфијата - "симбол на сојузот на слободните духови, според кого сите се препознаваат" - "не можат да ја научат, со молитва да ја повторат, со лицемерство дополнително да ја придобијат, ниту можат да ја повторат тајните непријатели и ..."; така, значи, срдечно ги поздравува Шелинг, сите, со филосoфскиот поздрав во филосoфското писмо; "разбирливо само" на филосoфите, вели, а на другите им е "вечна загатка"?! Вечна загатка на разбирањето и разбирање на вечната загатка?! "Разбирам!", дали е тоа филосoфски одговор на филосoфско прашање, или е тоа говор над одарот на филосoфијата? Зборовите <u>на крајот</u> од филосoфското писмо - "вечна загатка" - со лакедемонски се дух, за филосoфско читање. Непознатиот не ја разбира фило-софијата како софистика, ниту фило-софот како софист: уморен необичен заводник без љубов спрема мудроста, со саморазбирање заледен во состојба која е индиферентна во однос на чудење-восхитување во запознавањето на вечната загатка Непозната во себе. Се ми се чини, дека, филосoфот го сонува будењето на разбирањето на "нефилосoфот" во денот на филосoфскиот сон: во доживеалицата на чудење-восхитување во запознавањето на вечната загатка Непозната во себе. Така разбирам филосoфите да се разбираат; толкувачи на сништа и толкувачи на толкувачите на сништа. На колку ли возможни начини е убавината на проклетството или проклетството на убавината на учењата со одучувања? Ако во Августиновиот одговор на прашањето "што е време?" е "обелоденета" природата на односот на (филосoфските) прашања и (филосoфските)

одговори, кој може(?!) да одолее на дрскиот предизвик на неискажување на неискажливото? Вечен молк; ни знак на знакот на Душата? Ако е таков смртник што прашува, возможен, бесмртен е, за Него никогаш никој ништо не може да сознае, за среќа на Непознатиот. Не лажат поетите (не следи: "вистина зборуваат", ни "ниту вистина зборуваат"). На дното на срцето скриената тајна ја откриваат "криејќи ја" во стихот. Минута молк над оние кои ништо не премолчуваат.

## V

Сакате ли било што? Сакате ли да се запознаете себеси? Ја чувствувате ли парадоксалноста на односот прашање-одговор? Не се чувствувате ли, непријатно, во длабината на површноста на одговорот? Можете ли да го измерите немерливото, можете и да одговорите на прашањата: дали сте, како сте, колку долго сте се поднесувале себеси во неизвесноста на прашањето?! Побрзи сте од светлоста, од умот. Интелигентни, бездруго. Избег(н)авте, без обзир на главата, но ... , дали воопшто сте го чуле Прашањето, сте Се почуствувале, до-живеале Себеси во неизвесноста на знаење на незнаењето? "*Timeo Danaos et dona ferentes*"? Душата ја отвори човекот; како преплашен од виденото, го заборави виденото. Вода, Талесе! На ладниот ладно освежување; питко и горко - од тукушто разледениот извор од крајниот север - не е возможно да не се испие сам; капка по капка или наискап; достоинствено, или не; дури како и да ја чукнале чашата од чаша, празна, или не. Не?

Живи сте? *Ergo,* сакате ли ... ? Не, не брзајте, "*festina lente*" - "*eppur si mouve*". Уживајте во магиите на Непознатата. Умот свој во размислување одморувајте го. Испивајте од желбата. Испитувајте Се во желбата. Испитувајте, да речеме (ако не сте испитувале од "а?!" испитувајте и зошто не сте), дали е желбеното во самата желба; па, како воопшто би можела желбата без она што се сака? Неее, не итај чедо на Сизиф, одговараш само на Себеси; не гаси ни искра - од Сонце посветла - на светлост, а не го измачувај ни зборот на наслепо нишанечките сезаклучари: само што е одбравена - не се знае како - капијата на мракот-светлоста герберу!

* * *

(Ако сакате, "свртете го листот". Во Себе читајте го про-е-ми-ум-от во Непознатото - запишаното, но, необјавеното - откаде е и со букетот прашања скриен дар-добредојде, а не академски императив: "кој не знае ... , нека не влегува ...". Го слушам повикот на прашањата од "несамооткровените" во филозофијата; но ... , и ја чувствувам парадоксалноста на наговорот на Другиот на избор на Себе самиот.)

## VI

### Н и ш т о  -  б е з  п о в о д ?

Сонцето е најдалеку - на полноќ.

На полноќ роден, посветен на најоддалеченото, најоддалеченото најблиско го чувствува. Со раѓањето не го гледа Сонцето. В миг мигна искра на исконскиот копнеж, светлост поубава од Сонцето; празник за сонот на надлет над Земја, од крај до крај на бескрајот. Што ли му е денот на денот во полноќ? Ноќта на ноќта? Денот на ноќта? Ноќта на денот? Ако кој беше да е на Сонце, и ако спален не е, не прашува? Непосветен, залудно прашува? Од љубов родени, раѓаат од љубов ил' не раѓаат; прашуваат ил' не живеат?

Ниту да стигнам, ниту да избег(н)ам, ниту на страшно место да постојам: не можам. А, ќе стигнам, ќе стигнам, насетувам дека знам; ако стигнам, насетувам, не можам да знам ни дека сум стигнал. Избег(н)увам. Постојам, поинаку не сум одлучил. Како би можел да го знам она што не (можам да) го знам? Кога би го знаел она што не го знам ни дека не го знам, вечно би се смеел на храброста на најхрабрите надлетувања над границите на(д) најсмелиот летач. Тој себеси се надлета високо под Небото на небата, на самиот врв на дијалогот со самиот себеси, се осмели и самото го Сонце праша: "Голема Ѕвездо! Што ќе беше твојата среќа ако не постоеја оние што ги

огреваш!"?[6] Зошто не го запраша, поету "над" поетите, во што се состои среќата на Сонцето кога не им свети на оние на кои не им свети? Ако не се обидам, како да не сум се, ништо, обидел. И ако се обидам, ќе се покајам, ако се за верување зборовите на јужњачки топлиот трепет на душата на оној ироничен необичен заводник од север[7]. Сфинга? Решено, не? Растргнува? Одговор?! Пред да било кој било што чул, ја испушти душата и духот на прашањата. Запрашај се себеси, нема друго ... , не можеш другиот. Ниту Он, никој ништо не знае?

---

[6] Кој прашува? Кој кого (не) го препозна во прашањето на испитувачот? Кој, како, зборувал? Заратустра? Ниче? Кој? Непознатата "над" Непознатата? Не се знае, поради тоа, за секој случај и ниту за кој и да е, и Издававачот, во Македонска книга, пишува - дека во Скопје, на илјададеветстотиниседумдесетиосмиот или кој и да е пат во форма на прашање на самиот почеток - "Така зборуваше Заратустра"

[7] Без опивањата на Регина и Федар на овоземските извори, и надлетувањата на ледените врвови од Олимп, без самоспалувањето на самораспнатиот во пламенот на жарот на "Или ... Или ... ?" не би ни бил ни лист од Дневникот-себе; ниту за надгробен знак на врвот на Олимп на необичните заводници, нит' за пелцер.

Ништо без повод? Сè и да не è, туку, така, без Нејзе, без Птицата, Непознатата птица, Птица на Непознатата - како јас, ограничен во своето знаење на незнаењето не-(го)-пре-по-знав и не(го) знаев со други зборови да го именувам безименото - така, не би ни "планините пак станале планини". Не знам ни дали е птицата на Непознатиот Бог или Богот на Непознатото, самиот Бог или ... ? Ни себе не би (се) уверил кога би - како апостолот Павле, никој друг туку токму Атинините деца - ги уверувал: "Онаа што вие и незнаејќи ја почитувате, таа јас вам ви ја навестувам".

Не почуствувајќи го ни здивот на животот, незабележана, <u>**на самата граница на времето и вечноста,**</u> во дното на прозорите на <u>Душата</u> - свивала гнездо.

Ништо не-знаејќи, не насетувајќи - од некаде дојдов, некаков клуч некако вклучив во некаква брава некако забравен со себе сам, со некаков. Керберот 'ржи, тоа прадревниот заточеник на заточеникот му ги отвара капиите на мракот-светлоста герберу!

Се колнам во очниот ми вид, сè што гледа не го видува - гледањето - себе самото. Сега гледа, сега не видува ни што сега гледа. Што видов? Како не обневидов? Крила замалку испокрши од страв; преплашена од виденото, не виде, што пре-видено е? Про-видение? Излетничкиот топос, каде беше да е?

Несвиено, разгнезди се ...

Надворешниот, при дното скршен, прозор на-скршлив(ото) ширум го отворив. О д л е т а ...

За миг, се прибрав во имагинарна точка. Најпосле, почнав. Како толкувач на сопствените соништа, преведувам Мнемосинини преводи. Птицата[8] во аголот на разорените прозори на световите без философија, не е ниту утка, ниту жуна. Минервина ил' Минерва самата, е́? Не е Друга, Божица на љубовта ил' Божицата, лично? Е, Мнемосинина ил' Ѕевсова ќерка, која? Или ... ? Женски Лазар? Мефистофелов род пород? Ни Јас не (Се) зна-м? Не. Не?

---

[8] На безгласниот читател, добро известен од круговите на еротетичниот Круг, му ги доверувам чистите факти, разоткриени во меѓувреме - по последното отчукување (на првобитниот текст) и пред првото (на оваа белешка). Непознатата птица - за Нејзе знам дека сите знаат по слушање - Невидлива, видена е, сепак, на избледената фотографија. Нулите (*ništice*) со својата нејаснотија незадржливо подсетуваат на Онаа од "Поетиката", *ergo*, на родното место на теориите за Теоријата на трагедијата. Меѓутоа, фотографијата не е само фотографија, туку "застој на кадарот", во документарниот филмски запис за препотопската гледна точка. Така е тоа кога без програма имитувате емитување на програма од прапочетокот: ни документарецот не е само документарец туку филм во филмот, на Непознатиот автор, на текстот на животописот. Во лов на Авторот, ликовите се заколнуваат - иако веруваат дека поради тоа не им веруваат - дека е во прашање живата вистина, но дека не знаат: Што е Вистина? Што или Кој е во Прашање? "...". Молам? "...", Тоа вие го велите? Јас и благодарам на праубавината, но знаете ли "Што му рекла Желката на Ахил?"? А-ко(ј) сте вие, сакале да бидете, Алиса во земјата на чудењето, немојте да не го проследите вам посветениот темат на часописот "Дело" (Год. xxxv бр. 6, јун '89). Ве подсетувам на Она што би можело, можеби, и вам да ви помогне во саморазбирањето (на текстот?).

# VII

Ништо? На Делфи, ништо прекумера?

Друг пат? Прв пат? Питија?

Не Ум; Не Неум; Не Ние, но ... , "Не" во Мит. Но..., Умни, не? Неумни?? Ние не во Мит???! Не?

"Не" во Мит: Не-Мит; Мит-"Не"; "Не"-у-Мит-но? "Не" Неумитно[9]? Не Неумитно? Не неумитно "Не"? Не "Не неумитно 'Не'"? ...? Мерка?

---

[9] Скитајќи, како љубопитливите погледи на Непознатите, на минување, некаде каде-и-кога е "Медијана" на Ориjентот и Окцидентот, дали се препознале "Познатите": "Н" и "К.О"? Првиот е прв на другиот, на минување се претставил во чудотворната игра на надигрување на мислите - мислам( , ) во кругот, на првиот, не? - а другиот се бара во тајните светови на "фактите".

На средбите на "Познатите" е Сведок како Сведокот на средбата на Парменид, Зенон, Сократ и ... Аристотел - во време на иницијација на Ученикот во *Initium cognoscendi* на Упит-от - во ликот на "наивниот етимолог", во кои се бара Автоликот, како и во непреведеното, "не-у-мит-но", во преведеното и непреводливото од Мнемосинините преводи.

# VIII

Првобитно, во формата на Прашањето - што е философијата - е запишана темата на испитувањето. Кој знае кој е патот на читањето во себеси; во молкот го чув безгласното прашање, како непознатиот дух самиот со себеси да разговара.

"Кој си ти кој прашуваш: што е философијата? Не-знаејќи, чудно философираш: она што го знаеш, не знаеш дека го знаеш; она што не го знаеш, не знаеш дека не го знаеш. Каков нуркач мислиш дека си, ако не знаеш ... ?

'Откаде ли да ја најдеме, драг мој!? Баш сме биле смешни. Како децата кои сакаат кациги, и ние секогаш сме верувале дека веднаш ќе го зграпчиме секое одделно знаење, а тоа секогаш (ни) избег(н)увало. А, зошто; зошто, пак, ти ...? Кога сме дошле до вештината ... и испитувале не е ли таа она што дава и овозможува среќа, тука, тогаш, како во некаков лавиринт пропаднавме. Сме мислиле дека сме на крајот, но ние сме го заобиколиле кругот, во истиот оној недостиг како и тогаш кога започнавме да испитуваме.

- Како ви се случило тоа, Сократе?

- ... исто сме(,) така далеку(,) или уште подалеку(?!) од тоа да знаеме кое е тоа знаење ...

- Жими Ѕевса, Сократе, се чини дека сте западнале во големи тешкотии.

– И Јас, Критоне, кога во тие тешкотии западнав, гласот го изгубив ...

Смеа.*[10]

Смеа?! "Не се смее човекот кој паднал, доколку не е филозоф, или човекот кој научил да се водвои и како незаинтересиран набљудувач да присуствува на она што му се случува на неговото Јас".[11]

---

[10] На безгласниот читател – пречувствителен во неизвесноста на магичниот еротетичен круг на прашањето (кај "цитатот" H$^{O}$ што е тука во прашањето) – сакам како со молитва да му ја измамам добрата волја во доброволното искушување во неизвесноста, со читање на знакот на лицето на листот, само до знакот за крајпатецот H$^{O}$ по следниов. Оној кој заради радоста на знаењето без сознавање, кој поради маките на немоќта во опстанување во непознатото, окован со нераскинливите окови на "Познатото", па, не сака ништо (да ризикува), нека си почини во друштво на крајпатецот H$^{O}$ по следниов.

[11] Освен времето невреме е. Од невремето во градинарот себе самиот васкрснал. Блажен да е насмевот, смеата и подсмевот подбивен, циничен, морничав, сатански и ... Оној кој не ја чувствува мачнината во поднесување на "Сепознатиот" време-простор "Полипар". А кој од бол се почувствува во гримасата на насмевката, нека не се згрчи во гримаса, во лицето на гримасата; нека се обиде да (си) се смее себеси до бесвест... Нека не очекува чудо почудно од смеата, не може да сознае зошто се смее; дури, во волшебната насмевка на Непознатата ја насетува неволјата на "Познатите" дворски шутови. Не исчезне ли чудењето на Непознатиот на Непознатата, зрее ли во восхитеноста од запознавањето на "Познатите", тогаш моќта на прашањето и смеата е како чудотворниот опиум на цветниот прав на "Цвеќето на злото", а испитувачите не би можеле да посакаат порајски рај од испитувањето на сопствениот пекол. Оној на кого му е нешто нејасно, неразбирливо – непознато, чудно – Нему му е тоа Негово тло на испитување, тоа се Негови шуми и прашуми, пустини и беспатици, извори на живеење.

Не знам што е тоа што го чув, ниту како е тоа возможно, но, моќта на вообразбата, или умот, го слуша неслушливиот дијалог Сократов со самиот себеси, на самата граница на Адот, на полноќ, непосредно по летниот солстициум; во меѓу-време(то) на двеилјадитристаосумдесетидеветото враќање во Адот и двеилјадитристашеесетото раѓање. Ни сега не е, или е неподносливо, лесно, да се открие нескриеното: <u>односот на повтореното и неповторливото</u> во овој дијалог (на Сократ во нас или Сократ на апсолутниот дух) и во оној под шифра "*Euthidem*". Тајникот на духот - чудесно убав во својата љубов спрема убавината, неодгатливо загадочен во едноставноста на испитувањето дали душата раѓа сениште или лага, или честито и вистинито - запишал под различни шифри - и толкувал само некои Сократови дијалози, во време на својот осумдесетогодишен престој на Излетничкиот топос[12]. На

---

Доказ? Прашајте се себеси; од прашање родени, со прашање измиени, со испитување на сопствениот сплин, воспитувајте се.

До надигрување на насмевката на убавините на Непознатите - на гозба на смеата, на смевотворниот испитувач на смеата=цветот на злото - слободно да ги прошетаме градините на злото кон зло, инаку невините "Цвеќиња на злото", на градинарот Шарл Бодлер. Сабрана дела, Народна књига, Београд, 1979, Откаде збор? Откаде слика? Откаде-оттаму пелцер? Сликарски салони, О суштини смеха, пелцер 230.

[12] "Цитат?"? "Фалсификат?"? Кој "при очи како без очи" не прогледа со невидливо око, око-то на криминолог нека гледа и суди како фалсификатот гледа и суди. Во иследната постапка сè да се со-средоточи: оригиналот фалсификатот (текстот над крајпатецот пред претходниот), фалсифицираниот оригинал, фалсификатот, ... (неискажаните логички можности ги откриваат учениците "ловци на секој збор", во интелектуалните игри побрзо и поубава "расте памет") и оригиналот пелцер на пелцерот, Платон, ДИЈАЛОЗИ, ЕУТИДЕМ, Графос, Београд; го скинеш ли секој лист, ќе никне, ќе процвета, одново неповторливата можност на философирањето; како лист до листот: ..., 166, 167, 168, ...

тајниците на духот и на толкувачите на толкувањата им наменил отворено писмо, а во писмото - на непосветените занавек - скриен клуч и шифра на шифрата: "не постои моја философија". Само посветениот - како Диотима Хипериона - со љубовта го проколнува: немој да не се препознаеш себе.

Сонцето, значи, е уште подалеку од мнениата за најдалечното? А, само миг пред падот во лавиринтот на полнокта на почетокот на испитувањето ... , како ништо да не е, ни било, нит' ќе биде. Нему (за образование) не му е потребен друг човек? Од пештерата на восприемањето на Сонцето - на величината и оддалеченоста мерлива со сопственото стопало и одот - загледан во ѕвездите, момчето Клинија сака да бара некоја друга - своја ѕвезда - облечена во боите на расположението на сопствениот копнеж. Откаде[13] да ја најдеме,

---

[13] Таинствениот испитаник на таинствениот елејски испитувач на таинственото прашање "Дали?", испитувајќи се себеси во лавиринтот на прашањето "Откаде?", ги испишувал страните на светот на Органонот и Метафизиката на испитувањето. Од чудењето кон Непознатата, настана фило-софо-"полисот": восхитувањето, пријателството, блаженството на Непознатите; меѓутоа, фило-софот не е граничар на "полисот" без граници, не вели: "кој не знае логика, нека не прашува", на себе би си противречел на сопствениот пат до прашувачката логика на самоиспитувањето. **Како во философополисот? Тоа не го знае ниту еден философ.** Не знае ни како се избрал себе на својата самоизбраничка, а како воопшто би можел на Друг да му го покаже патот по кој Другиот (би) прв пат, првиот, патувал во еден единствен философополис на себе самиот? Вистина, не е да не е, копнежот зборува со јазикот на љубовта, философот "заведува", "наговара", "мами", "се стројникува" - како му рече Сократ на Теетет - (никогаш не "венчава") со одучување учи, меѓутоа, сé се тоа груби, "странски" зборови на егзотеричкиот јазик на философовата исповед во комуникација со "не-философот", во искажувањето на неискажливото, толкувањето на необјасниводо; тешки зборови на најлесното - да се советува Другиот - за она најтешкото, Другиот, да се испитува себе. Непознатиот не може да ја разбере на сите - сé

близок мој!?

Неколку векови ќе бидат потребни, насетува поетот "над" поетите, само потполно и во сите длабочини да би се сослушало едно прашање[14], она, кое сега нам ни се поставува на

---

- разбирливата философија на воведување на сите-во-сите философополиси на самите себе. Непознатиот не ги разбира Другите како празните класи. Во повеќегодишното преиспитување на претходните две реченици, сега ми е блиска и несопирливо предизвикувачка мислата дека разбирањето на себе како празна класа - тоа фасцинирачко откритие на интелектот, на самата граница на логиката на "старите" - е плодотворна можност на откровение на философот во себеси. Се разбира, ниту овој увид не ја осквернува идејата да никој никого не може да го воведе во философијата, не го открие ли самиот во себеси философот, а ни тоа откровение не е во исклучива моќ на волјата и/или разумот, туку тоа е таинствена релација - "третото царство" - меѓу Непознатиот-Непознатата.

[14] Весела? Веселата наука ги испитува прашањата на ужасот?! Научник "над" себе. Умот во размислувањето се одмора, од чиста интелектуална љубов ја испитува и самата љубов и омраза, своите обвинители и судиите од омраза, граничарите и заточеникот во заточеништво на "Сепознатото"; најдобрите и најлошите возможни светови. Со омраза отруени, кога би можеле да се испитаат себеси макар и со една единствена честичка од икс-зраците на Венера, со помош на кои "необичните заводници" ги испитуваат и своите мразители. Испитувачот и Испитуваниот живеат во различните ликови на Ликот, но, не само во различните личности. Непознатиот испитува со очите на Непознатата. Како Ѕевс Атина, Непознатиот ја изнедри Непознатата птица или змија. Омразата и омразата ја испитува со омраза, Весела наука, не. Во Непознатата се и Атина и Ѕевс (и Минерва и Минервината утка), Кронос и Икс-на-Кронос. Непознатиот со Непозната го мери времето, па, со која ли само логика на веројатноста ја мери чујноста на прашањето?! Неколку векови, помалку или повеќе, чмаење без прашања на Човекот, не го завреднуваат сензибилитетот на Непознатата. Непознатиот на Непознатата не и е Прокруст; Непопознатата на Непознатиот не му е "на минување", туку, неминливо Непозната. Дали животот воопшто има смисла? Непознатиот Круг на Непознатите? "Наднаучник", Фридрих Ниче, Графос, Београд, страна од светот на Веселата наука: 276.

еден ужасен начин! А колку ли векови или милениуми му се потребни на временловниот ум, или не-ум, да го слушне, разбере и повторно постави прашањето на смислата на прашањето како такво, па на прашањето на падот во лавиринтот на односите (на философските) прашања и (философските) одговори? Лавиринтот прашање на прашањето, лавиринтот прашања за смислата на севозможните испитувања, смисла, смислата на самото постоење, лавиринтот како таков, во самото јадро на прашањето на философот е: "Што е философијата? Еротетематичкиот философски Круг логички имплициран со првото и секое возможно (философско) прашање, временски е опишан, актуелизиран, во Платоновите (и/или Сократовите) философски испитувања на можностите на философијата како таква. Философијата во прашањата на себе самата ги распознала апориите и парадоксите: на философијата како таква, на мислењето и јазикот, на прашањето како такво, на Оној кој не го знае: философот, *ergo*, човекот. Оној кој не знае (прашува) испитува оној кој не знае (прашува). Непознатите патници - ако не е илузија и тоа дека воопшто патуваат од непознатото во непознатото - можат да бираат, прекрасна ли иронија, или да бидат растргнати како епизодните ликови во трагедијата (несреќни или не; ни среќни, ни несреќни; ни трагични, ни комични, ни живи, ни мртви) или да бидат трагички личности. Човекот не е решение на Сфингата, туку гатанка на гатанката. Одгатувачот станува самиот на себеси неодгатлива загатка. Во прашање е знак на знакот, симбол на симболот на Сонцето крај надгробните споменици.

---

Испитај го и испитуваното. Дали омразата и омразата со омраза ја испитува? Омразата во прашањето е зло во срцето и грлото на испитувачот.

Философот на смеата - вистина, повторно оној кој не знае - од срце се смее на оној кој не (се) знае - на самиот себеси - се смее, а не знае зошто се смее, кој кому му се смее, кој кому му е смешен; кој е смешниот смевосоздателен смеач? Философот на смеата, божем не знае дека божемните одговори на Марк Твен божем на некој репортер, се всушност духовита форма на логично невозможниот, но егзистентен, дијалог со самиот себеси.

"Имате ли брат? - Да; го викавме Бил! Кутриот Бил! - Зар умрел? - Тоа никогаш не сме успеале да го дознаеме. Над таа случка лебди некаква голема мистерија. Бевме близнаци, покојникот и јас, и кога имавме петнаесет дена, нè капеа во иста када. Еден од нас двајцата тогаш се удави, меѓутоа никогаш не се дозна кој. Едни мислат дека тоа бил Бил, други мислат дека тоа сум бил јас. - Чудно. А што вие мислите за тоа? - Слушнете, ќе ви доверам една тајна која ни на жива душа уште не сум ја открил. Еден од нас двајцата имаше посебен знак на надлактицата на левата рака; а тоа сум бил јас. Меѓутоа, тоа дете се удавило ... "

Философот на смеата - "соочен со таквиот мал проблем кој се опира на секој обид, се измолкнува, бега, повторно се појавува, како дрскиот предизвик дофрлен на философската спекулација" - не знам дали и како се смеел испишувајќи ги философските зборови за философско читање: "бесмисленоста на овој дијалог не е било каква бесмисленост". Не му устоил на прашањето: "Кој раскажува ... ?" Кому? Колку-ли-кој е Јас? Колку мисливи и незамисливи, искажливи и неискажливи откривајќи се кријат и криејќи се откриваат во еден збор, чуден знак, позади заменката "Јас"? Чедото на Атина играјќи се како да (под)заборави на себе или единствено тогаш е исклучиво самото со себе, а тоа да не го ни знае или е со себе затоа што не знае, па дури тука на крајбрежниот песок понекогаш со рака заграбува од белата пена, лесна и весела, ги следи нејзините

непостојани контури, час подоцна се чуди што на дланката му останале неколку капки вода, но вода многу посолена и погорка од водата на бранот кој ја донесол. Смешниот смевосоздателен смеач се вовлекува во себе, се чувствува во себе, се чувствува ..."помалку спонтано и погорко, некаков зачеток на песимизмот, кој сè повеќе се развива што подолго смеачот размислува за својата смеа"[15]. Некој некаде некогаш напишал:

---

[15] Завесата паѓа; философите во себе; интервјуираните репортери вон себе ги глумат одговорите на судиите на ненапишаните критики на моќта на судењето; на комедиографите философите им умираат од смеа гледајќи како магарињата ги јадат смоквите. А глумците? Науката научно одговори на сите научно поставени прашања. И? Сите бричат, сите обричени, самите себеси не се бричат. И? И, Ништо, Никој. Берберите сите, не знаат што е тоа наука, ниту кој е научник; не знаат, а не можат да знаат ни дека не знаат. Па, како може инфантилниот научник да го избричи заборавениот покојник во себе? Ги разбира ли берберот "прашањата без смисла" на чичо Лудвиг? Вели ли дека научно знае: кој(а) е и науката што е, тогаш не знае ни што зборува, (т. е. логички) го тврди (истото што и исказите) "лажам", "наивен сум", "спијам", "жив покојник сум". О нееe, не лаже тој како чесниот граѓанин на сциенциополисот без наука и научниците; во сонот сонува, "мисли" и зборува "буден сум" - не е толкувач на сопствените сништа.

Во што е разликата меѓу "било каквата" и "не било каквата" бесмислица?! Не ги прашувам, веројатно, само бирачите за мис на бесмислицата?! Ако бесмислицата è, дали е без смисла, бесмислена или е бесмисленоста смисла на бесмислицата? Ако никој себе не се бричи, ако не може, невозможно è самоубиството, но, невозможното è?! Ако е невозможна философијата, што да се прави со себе?! "Навистина голем човек е потребен, пријателу, кој задоволително ќе го сподели ова во сè: дали на ниту една работа не и е природено да се однесува спрема самата себеси во сопствената моќ, туку (само) спрема другиот, или на некои им е природено а на некои не". *Platon, Dijalozi, Harmid, stranpuitica* 41.

"мудрецот се смее само со морници". Сепак се смее, не е поништена можноста на смеата[16]; непознат е <u>авторот</u> на цитираниов запис на едно самочувствување на мудрецот, всушност, било кој Непознат би можел да биде автор. Блискиот ми толкувач - "препишувач" од кого го препишав цитатот, кој

---

А како пијаниот гостин на лудата гозба на смеата на испитувачот на смеата, испивајќи со погледот од погледот, режирал според изменетото сценарио, изгубен среде патеките на прекрасната градина, и бога за сведок го има: *Henri Bergson, Smijeh, od A do Ž, Nakladni zavod Znanje, Zagreb* 1987, bogaze 9, 122/3, 126//7

[16] Хераклитовата солза, Демокритовата насмевка - всушност, не знам дали се во односот поетски овековечен во стихот на Халил Џубран - Диогеновиот цинизам и Петрониевиќевиот насет. на афективната индиферентност, некои доживувања на светот се возможни, возможни доживувања на за-по-знавања на Непознатиот-Непознатата на "портата на вечноста", каде Парменид беше благонаклонето примен од Нејзе - од 'Ανάγκη - а Хајдегер, со мудра ведрина, со зборот ги слика "зараснатите сетилни патеки" (Кант), ги собира даровите на Непознатата "праслика": "Нејзините врати се вртат на шарките кои некогаш вештиот ковач ги исковал од загатките на животот". Магепсана од светот со божествена убавина, Душата може да биде разочарана од светот на пештерата, хераклитовски исцелувајќи се со солзата, со атомската насмевка противејќи и се, со незаинтересираниот анатомски поглед на циникот испитувајќи, или: контемоплативно собрана во неограниченото духовно пространство на вечно живото сеќавање, како да е слепа, глува и нема - непостоечка (не по себе и за себе, туку) за непостоечкиот свет, за светот на кого му е Она непостоечка, [толкувачите на јазикот на телото се пред непреведиви знаци "изгледот мами": дали е лицето со Сонце спалено (Хелоиза) или ни утро не дочекало]; или Душата не може да не дарува со дарот кој ниту настанува ниту исчезнува. Да се биде или да не се биде на "портите на вечноста" е исто што и да се биде или да не се биде на "влезот" во философополисот на себе самиот. Егзотеричниот вовед во егзотеричкото на философијата и езотеричниот вовед во езотеричкото на философијата го разликуваат само философите, само самооткровените во философијата; од сопствената или некаква друга сенка некако е уште и возможно некакво самосознавање или било какво друго сознавање, меѓутоа не и езотеричното сознавање на светот на езотеричното.

на прашањето "кој сме?", одговорил "оаза на морници среде пустина на самотија", го одгледал во својата градина цветот со остриот мирис на тлото, без злорадоста и злоупотребата на убавината на пријателството, ненабран, дар е на сите Непознати, на Испитувачите заљубени во феноменот на односот Прашање-Одговор, лично:

"Како вампир своето срце го цицам,
на страв на луѓето и бога,
проколнат на вечна смеа, не можам
дури ни да се насмеам повеќе!"[17]

Оновремените страсни времеплловци мудро се ограничиле на тоа "најпрво да го пробудат разбирањето за смислата на прашањата" која тие "секој за себе", "во себе", "од себе" некако веќе ја слушнале - па, од толка оддалеченост - и "веќе некако ја разбрале" како фундаментални философски прашања[18].

---

[17] Шарл Бодлер, HEAUTONTIMORUMENOS

[18] Борхес пишува дека "пишува резимеа на ненапишаните книги"; Хајдегеровото главно дело е предговор или вовед во ненапишаното главно дело. "Мислењето занемело"? Вам ви е очигледно? Веќе? Добро. Познато. Сепак. Поправо, што мислите(?) кога(?) употребувате(??) израз [(?): "Што мислите?"] ние сме(?!) всушност, некогаш верувале дека тоа го разбираме ... но ... сега? Во неприлика? Имаме ли денес некој одговор на некое прашање? Кој? Кој ни во неприлика (не) е што не разбира? Не разбира дека не разбира? Поправо, што мислиме ... со зборовите ...? "И така, ете, добро е најнапред, пред сé, повторно да се побуди смислата, Хајдегер вели, "на тоа прашање". Можеби без тоа Хајдегерово (Парменидово, Платоново или чие не, ничие?) "тоа" (прашање) на тој Хајдегер, не би била ни побудата, ни будењата на разбирањето, но, без тоа Хајдегерово "тоа", јас се ограничувам со целта на побудата на разбирањето на смислата на прашањето како такво.

Хајдегер не можел да не биде во неприликите на она "тоа", *ergo*, на своето прашање. Не можел ниту да разбере, ниту да буди разбирање, без побудата; меѓутоа, побудувачкото разбирање и разбирањето по будењето, не е едно и исто -

Будењето на разбирањето не е без незнаеното ни αρχη, но, во

---

разбирање. Дека не е тоа што е, Хајдегер и во "тоа" и во "било кое" прашање би го испитувал прашањето како такво*. Прашањето не е прирачно, на прилика и по прилика припремено, вештачко; не е флерт, и, индиферентно е на флертот на испитувачот. Не е дарот дар, ако не е изнедрен. Во неприлика, загрижен, Хајдегер чувствува страв од Непознатата, во неизвесност е дали: со поглед го досегнал дното на кратерот незнаено дали од угасениот вулкан и ја активирал вулканската лава, или само му се привидува дека é. "И така, ете, добро е најнапред, пред сè, повторно да се побуди ... ", но и пред сè и по сè се чувствува трепетот на можноста за вртоглав пад во заборавот под безднатa на Непознатата. Загрижениот, стравогрижливиот Хајдегер не искапи ни капка од старото, најстарото вино, ниту од ширата на вечно младиот дух на Непознатата - храбро избег(н)а избегнатиот во феноменологијата на избегнување на избегнатиот.

Талес загледан во ѕвездите на Небото над нас, се нурна во темнината на лавиринтот на себе самиот, не би ли ја одгатнал тајната на прашањето и смеата на "младите" и "стари женици"; загрижениот Хајдегер, не му мигна ѕвездата на Небото над земците - за малку пресвисна испитувајќи го Талеса во себеси "зошто изворите пресушија?". Ако Непознатиот и Непознатата не се во љубовта на испитувањето, ако исчезне чудењето, ако не зрее во восхитот на запознавањето, тогаш на "Познатите" не им пеат Непознатите птици. А како (по)инаку да се препознае филозофот, зар не, Емпедокле(?); "... мудрите не ја сакаат мудроста ..., лошиот ... не сака ...", *Platon*, *Dijalozi*, *Lisid*, 107-mi pat ...

Да се преиспита од извонредните извонредното - Платоново, Хајдегерово и Диотиминото неизбегливо - испитување на Софистот. Женскиот Лазар ги "истребува" "Познатите"? Насмеј сè Силвија Плат(!), насмеј се ...

* Сето тоа што Хајдегер го исчитувал и пре-пишал - и, "рака на срце", не само Хајдегер - го исчитал оттаму откаде е и сè (она) што може да биде исчитано и преведено на еден секојдневен јазик, на јазикот на митот, религијата, уметноста, науката, филозофија, ... , од прашањето како такво! Хајдегер, се чини, како да нема ништо за тоа, така да се каже, ни еден единствен убав збор за Непознатата, целата моќ му ја призна само на "своето прашање": "Затоа, се чини добро е накратко да се разгледа, што ли воопшто му припаѓа на некое прашање, како(?) тргнувајќи оттаму (?!), би можело да се покаже, дека прашањето за битието е особено". И така некако, по заборавот на прашањето како такво - Прашањето - откаде "тргнувајќи", Хајдегер, незнаено како "покажува" дека "особено" е "најуниверзално и најпразно" прашање.

утрото на свеста осамнуваме во муграта на чувството на разбирање на сопственото неразбирање, како текстот напишан со непознатите знаци. Бесмртен е богот на мнението. Мнението има мнение за сешто и за ништо; и прашува и одговара; всушност, има мнение и за прашањето и за одговорот. Да се пробие тунелот - од несвесноста на мнението како мнение, преку мнението за мнението и мнението за знаењето до знаењето за мнението - најтешко е и најдолготрајно патување: патување во место. Најтешко е, се чини, запознавањето - доживувањето на сознанието дека не (се) знае-ме[19]. Знаењето за мнението - како "специјален случај" на знаењето за незнаењето - бескрајно е далеку од целта, од прашањето за прашањето, меѓутоа, бескрајно е оддалечено и од мнението - (за) - почетокот. Како сите "веќе некако да (го) разбираат", (го) "знаат" (она) сè и ништо, и почетокот и крајот, кои се и што сè водата и земјата, воздухот и оганот, просторот и времето, љубовта и омразата, злото и доброто, вистината и лагата, убавината ... Па сè и да е така - во прашање е како "некако" и како воопшто е можно "веќе некако да разбираат"? Историски се променливи и бројот и меѓуодносите на слоевите на мнението. Самата философија и нејзината историја, науката, уметноста и религија го моделираат мнението и моделирани се од (и со)

[19] Зошто токму Јас да го испитувам Прашањето? Современикот секогаш брза, никогаш не е на време таму каде што секогаш é, освен во брзањето. Не го испитува ни времето, ни брзањето, ни брзачот, одвреме навреме, божем се распрашува, флертот со испитување флертува со Прашањето. Нормално израстените, нормално образованите го "разбираат" она што не го разбираат оние кои не се брзи во уживањето. Мерачите на брзината на Икс-зраците, новосадските "зетови" споро уживаат во чарите на Непознатата на вечно Нови(от) Сад. Непосветените ако те чујат? Ако, нечујното не го чујат; ако не веруваат, нека проверат,нека го прашаат и Ајнштајн. Сите царства, Демокрите, за што?

него. Во таквиот сплет на односи не е едноставно <u>ниту да се идентифицира проблемот на ослободување од</u> мнението - за себе од "себе" и другите, за себе и другите - ("критика на идолите", "феноменологија на духот"); драстично е отежнато барањето на $\alpha\rho\chi\alpha\iota$-те без поставување на <u>прашањето за методата</u>, а поставувањето на прашањето за методата без знаењето на $\alpha\rho\chi\alpha\iota$-те е белег за останувањето во мракот на неосветените граници на мнението, нечувствителен за парадоксалноста на Еротетичкиот Круг на не-возможноста на испитувањата. Оној кој навистина сака во себе да го открие фило-софот, мора "еднаш во животот да се повика на себе" (Хусерл), ставајќи ја во загради и науката и самата философија - тоа се веројатно нужни, но, сигурно недоволни услови на самооткровението. Сите философски методи се исчитани со мислењето на мислењето. Како философот ја именува, толкува и практикува некоја ("своја") философска метода, тоа се варијабилите на индивидуалните моќи на мислење на мислењето како такво.

На вратите кон светот на поимите, философските спекулации и идеи, на самата граница на рефлексијата и рефлектираното, сите патници се поздравуваат со "овој" свет, само никогаш нека не му кажат збогум. Ако си пиел, се опивал - капка не испивајќи - на гозбите на Атинините чеда, на Мнемосинините и Ѕевсови ќерки, не куди и не фали (освен лудоста), а странец на конак не биди, ни на сон. Пивко или горко, ако е и за тебе - не е твое; од лозата, од пепелта на сопствените угаснени вулкани ни "првата берба" не си ...? Заборави сѐ што си научил, Мнемосина ништо не заборава. Сети се што си, Ти: забележал, почувствувал, доживеал ...

# IX

Обид за идентифицирање на логичката локација на темата на испитувањето т.е. на испитуваното прашање, во логичкиот простор. Изразите: "прашањето како такво", "Прашање", "философско прашање", "философското прашање како такво", "апсолутно прашање" - се синонимни ; "П" е единствен знак за синонимите во оваа реченица, а како таков, знак е и на себе самиот. Бројот на изразите кои се синонимни на синонимите во претходната реченица не е конечен; но, нека бидат запишани уште само некои: "непознатото-(а) како такво-(а)", "Непознат-(о)-(а)-(и)" а ни бројот на знаци еднаквозначни на знакот "П" не е конечен: "Н", "Х", ... (Ако ниту боговите не можат да ги изменат "сопствените" закони на Логосот, а под услов смртниците нешто да знаат, *ergo*, макар еден таков закон на Логосот, туку нека биде како да е така; тогаш нека биде така да не е нелогички тоа што изразите "Непозната", "Непознати" се многузначни, да се, трудни со семошната исконска упит-ност, "**она што е нејасно и неодредено откриено се изразува со неопходната нејасност**". Ако навистина го доживеале утрото на "раѓањето на умот" и како умните испитувачи на умот и неумот "летале на сопствените крила" - за што со одучување нас не учат "самоуките", творци на *органони, канони, критики на умот, науки за логиката, а не* зналците налик на "гипсените отпечатоци на живиот човек" - ако се играчите, опитни за играта на надигрување на значењата на мислењата на мислењата, ќе ја "разберат" таинствената темнина на потеклото на **можностите** на богатството во разликите на философемите.)

"П" ги имплицира сите (можни) прашања, значи, и прашањата за себе самиот, и себе самиот како прашање. Прашањето на Прашањето е Прашање. Пишувам "е Прашање"[20], а не "Прашањето é".

Философското читање на зборот "философија" ги исчитува и запишува зборовите: "философија на философијата" и "философии на философиите". Ист е бројот на можните комбинации на изразите исчитани од зборот "мислење": "мислење на мислењето", "мислења на мислењата", и ист е бројот на можните комбинции на изразите исчитани од зборот "прашање". Ниче се обидел - па, човекот е само обид, опитувањето (и/или прашањето) му е севкупното патување, вели Заратустра - философски да чита, мисли и пишува. Секој философ е философ на философот уште во однос на себе самиот, но и во однос на сите возможни философи: философ на философите, философ "над" философите. Еднолико, многулико, колкуликолкулико е "Јас"? Поети "над" поетите, научници "над" научниците, играчи "над" играчите, натчовек, Заратустра-(и): "Х" "над" "Х". Зборот "над" е знак за препознавање на хиперсензибилитетот на мислите за мислењата на мислењата за хиперсензибилните треперења на сопствените спекулативни моќи: мислењето како

---

[20] Имагинарен светло-мрачен Икс-зрак на Венера! Фантастична ноќ. На Децата на полноќта, на сите пријатели на мудроста, било да возлетнале, летаат или слетуваат во оној Излетнички-Возлетнички *топос*: пријателството (им) е дар на Непознатата Птица на Непознатото, магепсани со песната на птиците и мирисот на цвеќето, над градината крај Миљацка, Исходна точка на прашањето, на Предраг Финци, Непознат "Глас", на Непознатите Бањи и Луки, на 1987-илјада илјади морски нимфи?! Сизифов сине, нека никој никогаш не ти го крши, ни затемни прозорот (колку ли ги има?) на Душата. И "Исходишна точка" на Прашањето, ако é, во Прашањето é. Тоа "Е" е во Прашањето.

такво е (наедно) "над" (и "во") мисленото. Се мисли ли себе, бдее "над" себе; го мисли ли бога, бог на(д) боговите е. Дали тоа "над" е "надиграно" во магијата на "Чудните копци" на Еротетичкиот Круг на Мислење? Се обидувам да (си) замислам како смешниот смевотворен смеач, философскиот читач, мислител и писател и се смеел на смеата и ужасот на непосветените, на нефилософското читање на философскиот текст[21].

Секое прашање како такво е философско прашање. Навистина, изразот "нефилософско прашање" сугерира (ништечка) негација на философското, но, во прашање е сé уште "не"-философското "не" во свеста на испитувачот, психолошко самоограничување на апсолутниот обем на Непознатата на философското прашање како такво. Поточно, таа негација е во прашањето, тоа привидно негирачко е навистина негирано; "нефилософското" како такво е во прашањето, она "себе несвесно" дека е во прашањето, она што не знае дека не знае дека веќе é во апсолутното прашање, она "себе невесното" дека во себе ја крие апсолутната упит-ност. Се насетува парадоксалноста на смислата на философските и нефилософските разликувања на философските и нефилософските прашања, ете зошто не е можно тезата искажана во првата реченица на овој пасус да се ограничи со детерминацијата содржана во зборовите на проширената реченица: "За философот ...". На колку ли илјада илјади "летачки чинии" и "волшебни ќилими" Не-знаејќи (во незнаење дека не знае, Непознатиот кој не знае дека не се

---

[21] Философското читање на "не"-философските текстови и "не"_философското читање на философските текстови не е невозможно; границата не е извезена со бодлив тел, но ... ? Кој и да е, еден, нека чита сé - ако му е до читање; но сите-сè-на-сè, без разлика? Неизмиени со прашањето, во самоиспитувањето неодгледани?

знае) надлетува колку ли илјада илјади амбиси прашања?! Дали знае што прашува "нефилософот", "контрашот", кога во "нефилософскиот" разговор , среде зборовите на реченицата "... свесен си ..." , "влегува во збор" со илјада и илјада првo прашање, прв пат играјќи на ова комбинација на зборови: "Откаде ти знаеш дали сум јас свесен ... ?"? Откаде!? Откаде ти!? Знаеш? Откаде ти знаеш: "Да?"?, "Дали?"?, "Дали сум јас?"? "Свесен?"?, "Свест ...???"[22]???... Конфучие, Лао-це, Буда, Парменид и Питагора, Сократ, Платон и Аристотел ... на помош го повикувам Анселмо, Беркли, Декарт, Хегел ... писателите на воведи во философијата, Упанишадите ...

Изразот "прашања на философијата" означува подгрупа на философски прашања во кои философијата се испитува себе самата: философија на философијата. Испитувачот на испитуваната Тема-и-Себе е во некој лавиринт на некое[23]

---

[22] "Каде се наогам?"? На ниту едно друго место освен "во" прашањето "каде се наоѓам?", "над" прашањето "каде се наоѓам?" и "во" Прашањето - каде повеќе ти се допаѓа?

[23] Дали сме во некоја подгрупа на подгрупи на (философски) прашања? Оваа претходна типологија на философски прашања наизглед ги задоволува барањата на она претходно назначување на проблемот; се чини дека не вознемирува "здравиот разум", меѓутоа тоа е и своевиден аларм на умот на философот. Прашањата на подгрупите не се поставени на пониските нивоа на мислења на мислењето од прашањата на групата на философсите прашања; напротив, прашањето на философијата, на пример, "што е философија?" е поставено на повисоко ниво на мислење од прашањето, "што е убавина?", а прашањето "што е философско прашање?" , на повисоко ниво од нивото на поставување на претходното прашање; здравиот разум ги разбира и антитетичките ставови како изрази на сопствените моќи на судење, се губи и не се наоѓа во антиномиите: еден збир е и подзбир и не е подзбир, прашањето е поставено и на повисоко и на пониско ниво на мислење. Во прашање е најнеобичен разговор меѓу философот и "не-философот" на самата појдовна точка на "не-философот" во претходниот обид

прашање од философијата: во прашањето на о д н о с о т на (философските) прашања и (философските) одговори. Дали е во логичкиот простор идентифицирана темата на испитувањето? Одговор?

"П" го имплицира секое прашање, но и секое прашање го имплицира "П". Во прашање е бикондиционал. Меѓутоа, "П" ги имплицира сите одговори, значи, и одговорите на Прашањето на Прашањето: на прашањата на одговорите, на одговорот како таков: О д г о в о р, апсолутен одговор: "О".

Ако (логичката?) ф о р м а на Прашањето и Одговорот е една и иста, тогаш испитувачот на испитуваната Тема-и-Себе се одлучува испитувачката еротематичката екс-позиција да ја изрази со е р о т е м а т и ч к и о т п р и н ц и п (*Initium cognoscendi na Upitot*): апсолутниот одговор на апсолутното прашање е самото апсолутно прашање. Апсолут во форма (и значење или значења) на прашање. "Ова е навистина Она": "Јас знам дека ништо не знам", Оној кој знае дека не знае, *ergo*, прашува, го испитува Оној кој знае дека не знае, *ergo*, го прашува - почетокот и крајот на секое можно испитување.[24]

---

на поттик на "не-философот" на философија: низ јазикот и начинот на мислење на "не-философот" "се воведува" во прашање самиот тој јазик и начинот на мислење. Хоризонтот (обемот) на Непознатата на сите философски прашања е апсолутен, но, во тој увид се будиме на самиот врв на Олимп, а на погледот од врвот сѐ она што е видено е поинакво отколку изгледот од подножјето. Она "поинакво" не значи и (барем не нужно) вредносно поинакво.

[24] "Ова е навистина Она" таинственото на Упанишадите? Радоста на илуминацијата неделива се распнала во бесконечно непознатите светло-темни снегулки на Фантастичната Ноќ. Непознатата-Непознатиот поблиски не можат да бидат.

Не ли се философските одговори оној најнеобичен пијалок, самото неиспитано; се опиваме, капка не испивајќи, но пијалокот од кој жедниот пожеден станува, ис-чезнува?

Да го замислиме ("идеалниот", "над" самиот себе и сите можни философи) Ф и л о с о ф(-)от кој ги испробувал сите божествени плодови во градините на философите ("на олимпските богови"), дали, се прашувам, конечно, би ја угасил својата испитувачка жед? Халуцинирал? Или, што со себеси!? Повторно на почеток од испитувањето? Во - истиот - недостиг? Почетникот, како за прв пат да дише ... ? А Ганаки пак, кралот на Видеха, дали се нашол на обалата на саканото? Дали мостот - за сите и за никого - ја поднесол неподносливата лесностиа на "одговорите на сите прашања"? Или пак, кралот е некаде под мостот, угасен во желбата, заледен во кралството на прашањето: "зошто себе не се прашав?"? Не се запраша ли себеси, залудно прашува непосветениот? Јаѓнавалкја, за што "жртвување" на светиот оган?[25]

---

Го доживее ли имагинарниот Икс_момент, го почувствува ли во ритамот на срцето ритамот на Непознатата, тогаш, Непознатиот ја насетува тајната на неодгатливите одговори: "не постои моја философија"(Платон), "ќе разбере можеби само оној кој веќе еднаш доживеал, сам "мислел мисли блиски" (Витгенштајн), мисли на препознавања на Непознатите; "...бараш само една ..." (Цекиќ), на крај, се најдуваш, на Почетокот на Себе? "Планините пак станале планини"? Доживуваш еднаш или ниеднаш? Не може себе да се лаже; не можеш на Другиот да му го докажеш недокажливото, прашува ли за условот на безусловниот услов, нека се преиспита себеси.

[25] Разговорот, Јаѓнавалкја-Ганаки (кралот на Видеха) (Пролог), (па, Наќикета-Смртта, на една од следните страни, но без посебниот знак за крајпатецот), го испитав и искажав во форма на прашање, со метода на опиениот патник на изворот на оазата на живеење на сите Непознати патници од Непознатото во Непознатото. Ако "планините пак станале планини", тогаш, за што пелцер, за што себеси да се искраде од апсолутната

Философијата (на Еротетичкиот Круг или во Е. К.) на <u>апсолутното прашањето</u> е философија на апсолутната слобода на испитувањето, на апсолутната слобода на одговарањето. <u>Таа не ја гаси</u> желбата ниту на философскиот испитувач-испитаник да не прашува кога не сака да прашува (или: кога сака да не прашува), *ergo*, да истрае во (искушувачкото!? - парадоксално, како што е парадоксална можноста на односот спрема себе; на себе-прашањето не можеш да му се измолкнеш) воздржувањето од прашања, во атараксија, апатија, во очајување, во чувствувањето на без-смислата на философските прашања ... молчат ли, сите, прашања, ... <u>дали е жив</u> ... ? А-ко(ј): ни да, ни не, Он-да: на самата граница на времето и вечноста умира во животот на еден непознат му одговор; или, повторно се раѓа телото, душата и духот на бесмртните прашања од (смртниот) одговор на издивнување? Тоа што не е возможно <u>да се каже</u> - не е невозможно <u>да се мисли</u>; тоа што не е возможно да се мисли - не е невозможно <u>да се забележи</u>, тоа што не е возможно да се забележи - не е невозможно <u>да се доживее</u> ... <u>Прашањето е длабоко, подлабоко, најдлабоко?</u> Дали е било како можно, да се сослуша, па и ако не е можно "потполно и во сите длабочини"?

Што е можно да се ис-каже? Само зборови? Ни збор? Ништо? Зборовите се само замислени, само за мислење, само за замисливо, само за оној кој мисли, макар и не мислејќи (не испитувајќи) го самото мислење (мислењето на мислењето): дали, што, како, зошто, за што - мисли.

---

прегратка на Непознатата? У п а н и ш а д и (од А до Ш), Книжевна задруга Новог Сада, 1980. Архимеде, допир на недопирливите?

Мислењето мисли мисли, тоа е сѐ што може да мисли и философот и "не"-философот; чувствувал страв од летање, или не, "не"-философот наивно-реално ја мисли пештерата на само-набљудувања на пештерата, не знае дека не знае дека веќе е во за-мислите: ни на Небо, ни на Земја. На философот му е сето тоа чудно: не знае како е воопшто (што и да е) можно: да се мисли, мислењето на мислењето, мислењето на разликата на мислењето од мисленото, па, самото мислено, мислата ... Мислењето го негира мисленото според начинот на мислење; (ис)кажано со јазикот на оние кои не знаат дека не знаат дека веќе сѐ во апсолутното прашање: мислењето се "доведува" во прашање. Мислењето во себе[26] го испитува она неиспитаното во

---

[26] Не е ли Хегеловата феноменологија и наука на логиката на апсолутниот дух само философски запис на философски исчитаното во себеси, со мислењето на мислењето како такво? Ниту по Хегел и Хусерл, Хартман, Хајдегер и Јасперс, нема премногу изричност во лачењето на психологијата на мислењето од мислењето на мислењето како такво. Философското(*) мислење на мислењето ВО СЕБЕ е услов за философска комуникација на философот со философот. Без философското читање во себе, комуникацијата со философскиот свет на философите ограничена е на еден егзотеричен однос со егзотеричното во философијата. Зналците на Ерот - без Ерота во себе - со сета бојна опрема се "вон" философополисот, кој можеби небранет, но, затоа и не-о-своив е. Ќе ги изучат правилата на игра, но играчи не се. Дури Александар Афродизиски повторно ги открил световите скриени во симболичкиот јазик на "Философот". Па тоа, не е да не е, и онаа мис на мислите, не е да нема нозе, не е во соништата да е и белиот и црниот лебед, над езерата на надморските висини на највишите, ами ..., не е толкувач на сопствените сништа. Сиромашките богови на Олимп, неподвижните двигатели на светови, самите-си-се-само-толкувачи на испивањата на екс од пехарот на светот на набљудувањата, доживувањата ... Секогаш одат до крајот на бескрајот, лебедите талкачи ...

* Философот знае дека не знае; "не-философот" не знае дека не го знае ниту она што го "знае", не знае што чини, не мисли

Прашањето. Претставите, поимите и идеите се <u>индиферентни на не-постоечкото на мисленото</u>. Мислењето се мисли самото себе во неограничената низа на самонегации, во невозможноста самото себе да се поништи; мислењето ја компонира и интерпретира апсолутната музика на неограничениот број на жици на себе самото. Мислењето разорува сè во Ништо, <u>од Ништото мисли можни светови - Ерот не слетува на овенати цветови</u>. Но, не само да не може да биде да не било она што било туку <u>со мислењето негираното е</u> запишано со вечните знаци на вечниот пергамент. Мнемосина ништо не заборава? Како да се преведат - се прашува оној кој е во прашање или "во неволја", зарем не е така, преведувачу( ,) на - Мнемосинините преводи? Поетот си го оспорил себеси правото на обичен збор, а на философот не му е до некоја друга освен до "својата" вистина на повторното создавање на светот.

Во опирањето на времеточното, времепловно обликуваните <u>поими</u> се седиментирано кристализирано богатство на мислењето; <u>откаде</u> ли школки и болскотење на бисери на надморските висини највиши? Меѓутоа, сите <u>поими</u>, нивните правила на игра, игри и надигрување во "астрономските" и "астролошки" соѕвездија, сè она што е испитувано, сите одговори: во прашањето се: из-играни; на "вишиот" <u>суд</u> на Прашањето=Одговорот; <u>заклучени</u> како незаклучените за клучот на Прашањето. <u>Елементарното Мислење на Мислењето е Прашањето; Формата на Прашањето=Одговорот е и на Мислењето Форма: Мислење на Мислењето: Самоиспитување.</u> По <u>мнението</u> на солистициумот на вечното лето на апсолутното знаење, <u>искрата</u>

---

дека веќе го мисли мислењето во себе, не знае дека не знае што зборува ... Секако, во прашање се увидите - на ликовите - без морализирачките сенки.

на исконското интелектуално Сонце мигнува в миг на полноќта на знаење за незнаењето на апсолутот. Светот об(е)знаен во Прашањето, вистински е, најубав и најдобар можен свет. На децата на полноќта? Сонце ил' светлост посветла и поубава од Сонцето? Кому Сонцето не му заоѓа, ни огреана, нит' спалена му е душата со погледот испивајќи од погледот на Сонцето; ни се наиграла, во надигрувањето на насмевките на убавините на ослободување на утрата. Вистина на вистината[27]? Залудно е да се прашува другиот, не испиваш ли од изворот на себе самиот.

И сите доживувања, забележувања, претстави, поими и идеи прашања се во Прашањето. Самото Прашање можно е да се "доведува" во Прашање до "бесконечност" и притоа чувствувајќи

---

[27] "Како ли да се философира по Хегел", по било кој философ? Како да се "ослободиме" од самосознавачките "апсолути"? Апсолутно знаење на апсолутот во апсолутно знаење на незнаењето?! Логичкиот вовед во философијата е, навистина, најкраток, наједноставен, меѓутоа, логички ние веќе сме каде треба да сме. Проблемот е во тоа што во тоа не постои проблемот на воведување во философијата; навистина, тој, макар само замислен хоризонт на извесноста на "проблемот на непостоење на проблемот" е, ако не апсолутна сигурност и оправдание, тогаш барем една кревка нишка над амбисот на без-смислата, како самиот трепет на можноста, можноста на順 семожните испитувања, *ergo*, на философијата и философирањето. Со зборчето "органон" (или во некоја друга школка скриениот бисер) на философирањето, логиката, така да се каже, со "раѓањето" стекна наизглед неприкосновена позиција; изразот "проблем на непостоење на проблемот" ја деблокира логиката, т. е. можностите на философските преиспитувања (можностите) на логиката, прикриени со штитот на догматските окови. Оној кој еднаш во Логиката ги препознае нотите и ја слушне безгласната музика на самиот Логос, ќе ја открие раскошната убавина на разновидните интерпретации на Логосот, но некако а-логично ќе биде и тоа што ќе му стане неподносливо чкртењето и вревата на наводните критики (или одбрани) на логиката на некоја "искината" или превише - до грч на импровизаторот - затегната жица на Логосот.

се во "милост" и "немилост" на Непознатата. Непознатиот, "Тој е?"? "Не е?"? "Дури и боговите во древните времиња се сомневаа исто; бидејќи, таинствен е ... "! "Ослободи ме" од неизвесноста на Одговорот на Прашањето на Прашањето, единствена молба е на неумоливата Смрт. Таа, без милост, моли? Ја сака вечноста в миг? Зошто, а зошто пак не и зошто со димот, со последното вдишување, во пепел да го гасиме жарот на копнежот по знаење поради знаење, поради "поради?"? Ако сум и смртен, не сум Смрт. Не сакам "ослободување" од Одговорот на Прашањето на Прашањето: А-Ко(ј) (е) <u>Оној кој прашува се идентификувал себеси на самата граница на времето и вечноста на испитувањето на апсолутното прашање</u>, на повик кон себе самиот одговара само-испитувачот. Прашај или немој да живееш, не можеш да го знаеш (=поништиш)

Н-е-п-о-з-н-а-т-о-т-о - безусловниот услов - на живеењето.[28]

---

[28] Самосознавачки "апсолути". Мрачни. Ниту песови, ниту мртви.

Темни, најтемни облаци "над" земјаните. Земјаните, не летаат ли, ни ползачи, ни птици се - крила од страв кршат; о-слепуваат, не го гледаат невидливото.

Непозната Птица на Непознатото; исплови ли од темните длабочини на себе-бескрајот; ја надлета ли Земјата, високо, повисоко, највисоко(?!); Талкач под Небото над небата; Изгубена, со белината на белиот лебед, полета ли кон облакот темен, најтемен ... , Да, Чудесно: се препознаваат Непознатите, разнообразните неповторливи ликови на Ликот во бескрајниот светло-темен хоризонт - на вербално-логичкото едно и исто - Прашање.

Темниот облак на Непознатото не ја крие темнината.
"Природата љуби", туку така, Непозната, да, "се крие"

Во апсолутниот хоризонт на Непознатата на филозофските прашања, Непознатиот не може ни искра да угаси, ни капка да искапи од Непознатата. Ни Непознатиот на Непознатата, ни Непознатата на Непознатиот, не (си) се Смрт. Непознатата-Непознатиот неповторливи се; ни Беркли, ни Хегел, ни пред, ни по Зенон - Зенон, ни Емпедокле, ни Епикур; ни "Ти", ни "Јас", ниту Еден единствен. Нека се раѓаат бесмртните од бесмртното Прашање; како во градината на Рабиндранат Тагоре, "Горе Горе Горе" ...

Земјаните, ако се и од Земја, Вода, Воздух и Оган, нека не дигаат Градови на Сонце во сенката на Темните, ќе го посакаат и Сонцето и Месечината, на црната Земја, црн и е денот. Избезумен, или, молчиш; мислиш, мудар си, (тоа од) мудриот не си го чул, не се слушаш ли себеси(?)

Уморни, ако не сте; ниту од работа, ниту за работа - одмарате,
Неиспитани испитувајте го и испитуваното и неиспитуваното,
така Непознатите Птици Вам ви пееле.
Непознатите бираат, сами себе се даруваат;
Непознат, одлучи се, сам.

# X

Испитувајќи ги прашањата на раѓања, живеења и умирања - во незнаено колку долгата повест на неволите и радостите на испитувањата - Човекот доцна го слуша самото Прашање: прашањето на прашањето како такво. Прашањето е тоа за една феноменологија на негативната свест за Непознатиот-Непознатата, за философијата на повеста на свеста за Непознатиот-Непознатата. Севкупната повест ги крие тајните на одговорите на прашањето на мигот на раѓањето на прашањето на прашањето како такво.

Пробните испитувања на оввремените времепловци во севременото не биле залудни. Нуркаат длабоко, и "држачите за секој збор", и заљубениците во феноменот како таков, и ... Ако се и "род на разнородните", философите не се "имењаци без сродство". Навистина, опиени со лакедемонскиот дух на зборот, во духот на дрскиот предизвик на противречијата изјавуваат дека не се философи[29]; или без волја и исклучително - со на

---

[29] Со задоволство ја искушавам јароста на философската анти-философија. Дали философските прашања се смислени, "без смисла", или "бесмислени"; дали философијата е само израз - како насмевката или солзата, исповед на Душата, илузија на знаењето, или ... - а не тврдење; тие прашања и таквите тврдења ги испитува философијата, а не логичката анализа (на јазикот или нешто друго). Логиката не може да одговори на прашањата "Дали?", "Што е тоа што е?" ... Оној кој е логичар можеби може, но како логичарот не може да знае, ниту да каже: Што е логиката, Што испитува (односно, што е предмет на лог.*), Како е возможна, За што е логиката ... Убав или не, прашање на философскиот вкус е, дури, тоа е парадокс на логиката и/или на логичарот - а можеби ..., кој ли ќе го знае тоа, можеби на самиот Логос, "вечна загатка" на апсолутното насетување на Оној кој во "мигот" на апсолутното самосознавање "паднал" во трансот на апсолутното знаење на незнаењето. Дали "судбината" на логичарот е парадигматична

дека не се философи[29]; или без волја и исклучително - со на

---

[29] Со задоволство ја искушавам јароста на филосоfската анти-филосоfија. Дали философските прашања се смислени, "без смисла", или "бесмислени"; дали философијата е само израз - како насмевката или солзата, исповед на Душата, илузија на знаењето, или ... - а не тврдење; тие прашања и таквите тврдења ги испитува философијата, а не логичката анализа (на јазикот или нешто друго). Логиката не може да одговори на прашањата "Дали?", "Што е тоа што é?" ... Оној кој е логичар можеби може, но како логичарот не може да знае, ниту да каже: Што е логиката, Што испитува (односно, што е предмет на лог.*), Како е возможна, За што е логиката ... Убав или не, прашање на философскиот вкус е, дури, тоа е парадокс на логиката и/или на логичарот - а можеби ..., кој ли ќе го знае тоа, можеби на самиот Логос, "вечна загатка" на апсолутното насетување на Оној кој во "мигот" на апсолутното самосознавање "паднал" во трансот на апсолутното знаење на незнаењето. Дали "судбината" на логичарот е парадигматична "судбина" на сите "научници", на "Х-лози"? Дали ни една наука не знае, *ergo*, не може да знае ни дека е наука, ни Што е, ни Што испитува, или некоја може а некоја не може?

* Логиката е наука за "ни за што"? Парадоксален, но елегантен начин на еманципирање на логиката од стегите на дисциплинско-философските толкувања на логиката. Логиката не е ни "затворена", ни "завршена"; во одот по Аристотела, акумулирала таква и толкава моќ што слободно може да се "врати назад", "чекор", два или колку била - уште со Аристотела - веќе оддалечена од прашањето за можностите на логиката како таква, па од (до) прашањето на логиката на прашањето како такво.

нив својственото чувство <u>на трепет на можноста на смисла</u> на живеењето - ги изговараат зборовите на надеж и претчувствен трепет: "Филозоф", "Филозофија". Со мефистофеловските методи на искушувања на можностите на филозофирањето, <u>повторно го откриваат</u> - како прв пат <u>да е</u> - <u>прашањето на прашањето. Она најстарото и најмладото</u>, ако е за што ваквото заплеткување на расплетот на спорот на "биографите" на <u>Упит-от</u>. <u>На самиот праг на чујноста на Прашањето сме!</u> На неразбирливата основа го распознаваме неразбирливиот знак, но <u>знакот на Непознатата</u>. Бесконечно незначително на Непознатата е божествен предизвик на Непознатиот. Прашањата послободно пловат по сопственото море на времепловниот дух, за прв пат откако Сократ го испил отровот, за прв пат откако христијаните го срушиле храмот на Непознатиот-Непознаттата. <u>Јас се "слуша" и го "слуша" Сѐ - исконското само-чувствување без свеста за самочувствување.</u>[30]

Се прашувам како се воопшто можни оние пеколни "бич" одговори: раскоренети, без листот, без цветот, без плодот? Прашувам за насилството над прашалноста како таква (над) човекот како таков? Прашувам за потеклото на злото? Како е можна инсуфициенцијата на свеста на Непознатиот за Непознатата? Како е можно времето на лишеноста на свеста за непознатото, времето без прашања, животот без до-живувања и испивања од единствено можните извори на душата, телото и духот?

---

[30] "Фалсифицирана" инспиративна идеја на Лајбниц.

И сеќавањето на изворите би пресушило, а камо ли изворите, кога изворот на филозофијата[31] не би бил во прашањата како такви, во човекот како таков - а секој емотивно-волев-интелектуален акт е актот на прашувањето, и

[31] "Обвинението" на COGITO за нововековниот заборав на сетилноста како да ги превидува првите зборови (αρχαι-те) на Медитациите на првата филозофија. Заљубениците, пак, во љубовта (спрема мудроста) - ако навистина "ослепеле" видовитите - можеби ќе се сетат да го испитаат (Платоновиот?!) прв збор за љубовта*.

Од пештерата на вниманието, мнението го мисли царството на сетилното како најреална реалност, мнението како мнение не може да ја замисли ништожносста на царството на сетилното "на виденото" од висината на мислите, и не насетува дека веќе е во замислите и дека воопшто е "духовна монада" само благодарејќи и на можноста на мислењето кое го спасува она што може да се спаси од сеопштиот потоп во Хераклитовата река на времето, на тоа "дете кое се игра". Мислењето се разделува од царството на сетилата и сетилното а со "намера" на еден единствен можен начин да пие од непресушниот извор на забележувањата, доживувањата ... А дека спасоносната мисла може да биде смртоносна, "слепа и глува" за она поинаквото од искуството од кое потекнала, тоа е, бездруго, драгоцено "темно" искуство-извор на побистра мисла на односот на искуството и мислењето.

Фихте не ја "отфрлил" Кантовата несознатлива ствар по себе, туку тој таинствен извор на изворот го открил во себе.

*

"Јас мислам
дека не сум
неизвестен за она
за што ме прашувате"

"Сум забележал ...
Мислам,
значи,
постојам"

кое било прашање, како такво, го крие во себе јадрото на философското прашање; философско според богатството на прашални сигнали на длабочините и апсолутниот хоризонт на Непознатата. Би се заборавило и она на кое единствено се сеќаваат оние кои на тоа единствено се сеќаваат - името. Можно ли е да се замисли понесреќно невреме од времето - кога човек човека мора да потсетува дека е човек, а посветениот учител ученикот по философија дека "еднаш во животот мора да се повика на себеси, ако сака да биде философ"? Хераклитовото "дете кое се игра", дали се игра, сè-уште? Над колку ли пенорници трепери *vox clamentis in dioerto*; среде океанот, колку ли заледени сред пустополе прашања "зошто ли изворите пресушија?"; оние кои халуцинираат во сенка на "Темните", во самоизмама на "философот"; во прашумата на живеењето не го наѕираат ни коренот, ни стеблото на сопствениот живот; ни внимателниот гледач, а камоли <u>концентрираниот</u> еквилибрист во сеопштиот циркус[32]. <u>Човекот</u> е во Прашањето, <u>ранлив</u>, со што ли

---

[32] Можеби без темелните студии на философијата по историја на философијата никој и не може да ја открие онаа една единствена, сопствена можност на философирање - иако тоа (толку) така тврдо тврдење не може да ја оправда ни самата историја на философија - меѓутоа онаа единствената не е можно да се запознае без ослободувањето од сите други. Историјата на философијата е и историја на <u>начините</u> на самоослободување на философот од историјата на философијата; Лајбниц на разделбата е достоинствен, на изворите "не ги мие рацете"; Хегел - философскиот Одисеј, страствениот испитувач-испитаник на Нимфите - на разделбата е арогантен, спрема философијата се однесува како Одисеј спрема стројниците Пенелопини, и ако е лукавство на умот, неумно е; Хусерл е методолошки елегантен, за разлика од односот на неговиот "ученик" Хајдегер спрема "учителите", да речеме Декарт; аналитичарите се нескриено дрски, не на разделби, туку во априорното порекнување на неопходноста на запознавањето на другите во ликот на нејзиното величество Историјата на философијата (можеби во духот на противречието, инаку, не се "незнаенковци"); Јасперс, философ на комуникацијата, се

не?

"Длабокиот вир" е длабок толку колку што само човекот може да биде одделен од себе самиот[33]. Растојание умно, за

---

разбира, комуникативна мостра.

[33] Декарт е фатално едноставен, јасен и разбирлив; фатален, *ergo*, како со таа едноставност повторно да го сокрива откриеното неизмерно богатство на светот на забележувањата, мислите, доживувањата ... Без медитација не е можно да се разбере она што Декарт го сознава со медитација, инаку толкувачот останува во вистинскиот привид на јасноста и разбирливоста на неподносливата длабочина на површноста на "длабокиот вир". Кантовата логицистичка екскомуникација на чувствата од "моќите на сознавањето" и, воопшто, логицистичкото концепирање на фило-софијата и методата на фило-софирањето, како веќе да ја (философијата) лишила од нејзиниот збор, и духот; и духовното око за момент како да ослепело и ја превидело ("Жално ...", зар не, о жив хронометру на своите современици?) моќта на контемплација и медитација - без кои е невозможно да го замислиме оној "среќен миг" на муграта на идејата на трансцендентална философија и трансценденталната метода, обелоденета во "трактатот за методата" (КСИ); го натурализира и тривиализира "незнанието како метод кој треба во себе да ја крие тајната како се црпи вистината од Демокритовиот длабок вир". Инаку, говорејќи со јазикот на логиката, гносеолошката структура на прашањето е конјункција на "познатото" и непознатото, според тоа, во стриктното значење на зборот, на пат никогаш не тргнуваме исклучиво или од познатото или од непознатото, а во миг на самооткровение во философските прашања очигледно е дека философијата никогаш не може "да застане на сигурен пат" (за среќа, или не, кој ли тоа ќе го знае?) и дека во тој увид се проѕира лажната сигурност на логиката, математиката и природните науки, на кого (и чија "сигурност") се угледала, ете, и "критичката" философија. Во структурата на идејата на трансценденталната философија транспарентна е - навистина, доста засенетата - структура на прашањето*, од нејзе (транс. фил.) болскоти онаа и таква светлост на прашањето која единствено може да ја еманира идејата на трансценденталната философија, меѓутоа на рационалниот трансцендентално-логички "лустер" не му одговара луксузот, ги "гаси" неугасивите извори на светлоста, го ограничува видикот и видливоста на едно општо и нужно можно искуство, на "работниот"

умот ништожно, непостоечко; но, умно, ништожно, ништечко, само на себеси неизвесно - самиот човек е - во средиштето на беспатицата, на раскрсница на сите можни патишта. Ќе оди да не се оди, а ни без дар да се оди. Опасно е да се соочиш со самиот себе. Кој му побегнува на најлошото, не соочувајќи се со себе; а кој би го избегнал најлошото, не бегајќи од себеси; и кој може, кој се осмелува да одговори на овие прашања - ако се и ако не се наоѓа во таквите прашања на себе самиот? А, она "најлесното", зар е полесно од "најтешкото"; како смее, кој и да е, другиот да го советува-наговара на филосфија?! Испитувачот на другиот му поставува прашање **независно од волјата** на испитаникот, независно од дарот скриен во прашањето т.е. дали на другиот му ја призива среќата или несреќата. А прашањата веќе се поставени. Залудни ти се сите каења, ако не е можно да не се одговори на прашањата; а невозможно е да се одговори не испивајќи од прашањето. Испитувачот може да биде без одговор, но не и без одговорноста за "доведувањето" на другиот во прашање-(то).[34]

______________________

време-простор.

* Чудно е што К. Попер - во несклад со еротетичкиот дух на сопствената филосфија и суптилниот сензибилитет за еротетичкото - ја "доживеал" Кантовата трансцендентална дедукција на категориите како "угнетување на прашањето". Непоперовско е тоа Поперово "фалсифицирање" на "фалсифицирањата" на *"логиката на откритието"* "Отвореното", инаку, севозможмо испитување е "угнетување на прашањето", а зошто пак не едноставно: "испитување без крај".

[34] "Прашањата се веќе поставени" - овде и сега овој став не е мислен во атемпоралното, чисто филосфско значење, туку во ограничениот хоризонт на пред-филосфскиот жаргон. Да слушаш со сетилото, а не со умот, е исто што и лошо да го слушнеш прашањето. Ако прашањето не е во душата повторено како да е за прв пат прво прашање во кое испитувачот го препознава својот лик во апсолутниот хоризонт на Непознатата, вербално

Невозможноста да се лажеме себеси (божем не знаејќи дека се лажеме) е негативен нужен услов на дијалогот (на душата[35]) со себеси, негативен услов на философијата; меѓутоа човекот може - за срам на човекот и човештвото, може - да си се подлизува и на себе самиот, и тоа заради ништо друго, туку, ете, заради невозможноста на поднесување на себе во "вистината" на себе самиот. Изворот на изворите е под полимилениумската џунгла на троскотот на мненијата и знаењата, верите и разуверувачките предизвикувачки загладувачки скепси; прекриен со сплинот на душата, телото и духот. Да не се искушува! Во чисто интелектуалниот однос, на начин на незаинтересираниот само-посматрач, со најнепосредното испитување на најнепосредното, од прашање во прашање на Прашањето на прашањата. Можеби никој од никого ништо не научил не учи ли од личното искуство, но нека ововремените - еве, веќе се на устието на вториот милениум на "новата" ера - не се прават дека не го слушаат искуството на најсмелите нуркачи спротиводно, на изворот, на дното без-дно. Ми се чини дека го разбирам, но не знам за што, зошто Витгенштајн бара "спас" (за философијата и не само за философијата, туку, можеби и од философијата) од "бичот" на прашањето?

---

повтореното прашање е исто што и имитација на брмчењето на бумбарот - а таква се и сите воведувања во философијата, ако се превиди она најубавото и најтешкото: проблемот на преобразбата на душата, ("најтешко", затоа што е невозможно своеволно да се предизвика философското чудење).

[35] Кому му се исповедува Душата во дијалогот - со самиот себе - единствен во кој соговорниците не се измамуваат?

# XI

Сакаш ли да со-знаеш дека не се знаеш? Или - попрво себе самиот заборавен во екстазата на искушувања на Непознатата - со сознанието на Оној кој знае дека не се знае?

Го здогледа ли Непознатиот на себеси Непознат, самосознавачкиот "апсолут" - од врвот на себе самиот самоидентифициран во знаењето ништо знаење - ќе ги препознае и сите своевремени со-временици на лицето на листовите разлетани во бескрајната синевина на Непознатата. Ништо почудесно во фантастичната ноќ. Летаат?! Стварност? Во сон сонуваат[36] грд сон и во сновидението се приземјени на црната, цврста земја; неподвижни, стануваат, чекорат, паѓаат ... Смеам ли да ги будам? Почуствуваат ли страв од летење, ќе препукнат или, дремливи, лошо настроени и стравотрепетливи ќе завиваат побесно отколку на Беркли. Опустошени соништа, сонуваат ли? Зошто кучињата 'ржат на својот лик во огледалото? Но, во сонот на соништата, го сонуваат ли надлетувањето над бездната, ќе се пробудат во денот на своите соништа. Предизвикувачки, но ... зошто да се будат другите? Сакаат ли? Откаде да знам? Само што го запознавам во себе единствениот играч во ритамот на Непознатата, а како е воопшто можно да им се пресуди на Непознатите? Нека биде како да е така, нека се будат самите, само ... , во што се состои среќата кога не им блеска на оние на кои не им е блескаво? Да

[36] Дури и "математиката само го сонува битието"

се обелодени, веЛиш, со зборовите - ме наговараш, се шегуваш или потсмеваш - Непознатата, Вистината на вистините? Објавената вистина дали е вистина? Вистината на другиот за другиот дали е можна? Дали е можна друга вистина освен во себе самосознаената Непознатата? Молчиш? Можеш ли самиот да се опиваш на неисцрпниот извор на радоста и без грижа на совеста да гледаш во очи на децата на полноќта? Како можеш мирно, без тргнување, и не мигнувајќи со душа, да и погледнеш в очи на надешта, копнежот и трепетот; очи в очи на чедните, како во одамна пресушените извори? Можат ли повторно неповторливо да заблескаат погледите како одблесокот на утринската светлост од планинските водопади? На колку можни начини е убавината на проклетството или проклетството на убавината на учење со одучување, *ergo*, како, во повторените зборови и повтореното поставување на прашањата, да се испита и изрази она неповторливото? Како е можна таа раскошна убавина на парадоксот на множеството раз-лики на самоиспитувањето и самооткровенијата во Едното?

"Сé ми е чудно"[37], зборовите више не ѕвечат в уво како во напуштена селска камбанарија. Самото доживување неискажливо е - ниту во сон насетено. Зборовите?! Како само можат да бидат тешки и искажувањето на истите мачно како маките на неподнесувањето на себе самиот - "смртоносни"; и како тие истите(?) зборови можат да бидат таинствени дародаватели-дароприматели на исповеста на душата, телото и духот - "животодарни"; досадни секојдневни соговорници и

[37] "Долг пат, на крај, ништо"? Одненадеж - на враќање, среде Пироновата раскрсница на обала на реката, на денот на сновидението: дар, како Вавилон на Вавилонецот, "Сé ми е чудно. Сé!" - Одисеј го препозна ликот - на пријателот на мудроста, (на) Телемах - учителот со одучување.

божествени пријатели на мудроста. На мене непознатата природа на односите на непознатите зборови не се осмелувам да ги пресечам ни со Окамовиот "брич", како ни тајните врски на цветовите и тлото, прашањата, одговорите, прашањата-одговорите-прашањата. Од неподносливото молчење или од (и од самата на себеси заглушувачка) врева, осамнува ли прекрасното молчење на безгласната музика на упит-от; одговорот без зборови поречит е и со знаење побогат од светот на математички балсамираните вистини. Она ненаситеното во прашањето се разоткрива во одговорот на начин на зреење на чудењето и восхитувањето во запознавањето на ненадејните еманации на Икс-зраците на Непознатата. На колку јазици е философијата, *ergo*, на колку можни начини е искажливо не-искажливото. Може ли философот во секој можен знак да го исчита и со секој можем знак да го назначи она философско во себе[38]?

Ако се сетилата извори и устија на живеењето, ако е живеењето како вдишувањето и издишувањето, што е она едното и исто на почетокот и на крајот, пред и после сите отчукувања на сетилно-натсетилниот хронометар? Мислењето ако е како времето, мислата ако е како просторот, а апсолутот во Упит-от - што е едно и исто освен чистите форми на Прашањето=Одговорот[39]? Кога белото не е само бело, кога црното

---

[38] Сé, Свет, сето тоа е философија! Иако, можеби, ќе ја предизвикам онаа страшна смеа на мудрите и на овој и на оној свет, а не само на лаикот - реков што реков од увидот во миг на самооткровение во философијата, инаку, реченото е само една консеквенца на еротетичката философија.

[39] По полимилениумскиот темпорален од, не е ли мислењето уморно, зошто "откажува"? Или се собира, бдее над себеси во тишината на сопствената ноќ (или) и во некоја сопствена светлост поинаква од "дневната" светлост на света? (Во

не е само црно, тогаш е "ова навистина она", време на чудења, стварања, мислења и пеења - време на прашања. Откаде и накаде сите овие птици на Непознатата?

Кој е кој во фантастичната ѕвездена ноќ на духовното Небо на Непознатата[40]? Во кој миг-точка на темпоралното искачување Непознатиот ја распознава Непознатата во кое било прашање на "не-философот"? "Каде". "Кога", "Како" ... "не-философот" во прашањата на "не-философот" ги распознава философските прашања; а во себе "не"-философот="философот" го открива философот; или: како е можно "раѓањето на умот"; или: како е возможна об(е)знаеноста во Прашањето? Како е возможен атемпоралниот и темпоралниот од, од "првите" философски прашања на "првите" философи, па се до прашањето "што е философијата?", "Кој е философот?", па прашањата за падот на Испитувачите-Испитаниците во лавиринтот философски испитувања на магепсаниот Круг на односот Прашање-Одговор? Како темпоралната свест на темпоралниот пат може да биде свесна за темпоралноста и атемпоралноста, за темпоралниот и атемпоралниот пат? Како воопшто може свеста на смртникот што прашува така да се преобрази и извиши над самата себе во бесмртниот лак над секолкавата река на живеења-умирања, настанувања-исчезнувања? Дали е прашалната свест на смртникот бесмртна на начин на самопреобразувачкото самоиспитување: од прашање во прашање, на самото Прашање - бесмртно? И ако е

---

толкувањето на "едното и истото", да не заборавиме на "вечната загатка" на "едното и истото" на Упит-от, *ergo*, на експозициски став на еротетичката философија дека одговорот на апсолутното прашање е самото апсолутно прашање).

[40] На а-темпоралниот почеток беше бил сонот, во сонот човештвото на индивидуалитетите на "самосознавачките" идеални можности.

нешто, не е ли тоа <u>онаа таинствена, божествена моќ на свеста</u>? "Низ прашањето човекот се искачувал кон вистинскиот ... " - а не лаже оној "критјанин" кој рано "полудел" и тоа само да може слободно да пее и мисли, инаку, "зошто се родил" - од "а?" до "А?"(Апсолутот=Непознатата). Можеш ли да го замислиш философскиот Одисеј "над" својата "Енциклопедија", во молк, во себе, само на самиот себе ја издава Тајната од која исчитал, превел и запишал се што запишал:"Е, сега знам дека ништо не знам"? Ужаснат не препукне ли во незнаењето дека како "по камен да орал и сол да сеел", во <u>одушевување</u> ќе се препознае во "духот кој се знае себе како духот" на Прашањето. Никој не е на ниту едно друго место освен некаде на некое свое непознато патување кон знаењето ништо знаење. Непознатата е интензивно во Непознатиот, Непознатиот е со екстензијата Непозната - мислам дека ќе разберат сите кои мислат испитувајќи го плодот на заплетот мисли на двете логички теории, зар не?

Сите познати патишта - на "Познатите" се. Непознатиот и оди во пресрет на Непознатата по беспатицата на пустината и прашумата. Запознај ги "Познатите", ќе ги запознаеш сите свои слепи улици и сите свои залудни обиди да доживееш радост во запознавањето на Непознатата. Од <u>два пата</u>, едниот - ако им се верува на "Познатите" - <u>Еден е за сите</u>; <u>другиот пат е само еден за само "еднаш едниот": еднаш еден само самиот по тој еден може да патува кон себе самиот</u>.

Атемпоралниот, логички пат <u>Еден е</u>, според едни е непостоечки - меѓутоа, не се на "кривиот пат" ниту оние кои во "непостоечките" го пре-по-зна(ва)ат единствено постоечкиот. Логичката идентификација на равенката (апсолутен одговор)=(апсолутно прашање) е логичка

идентификација на логичката форма како таква (на "празно место"), (на "чистото" прашање)=("чист" одговор)[41]. И овде сега ги пишувам зборовите "логичка форма"[42] за "Она" што секогаш е́, што е, и инаку, скриено во множеството на зборови и други симболи кој секогаш одново нудат прибежиште на вечниот бескуќник. Логички веќе сме онаму "каде" и треба да сме. Непознатата веќе е целата во зеницата на окото "а!?". Ахил не може ниту да ја стигне, ниту да ја престигне желката; Ахил веќе е на непостоечкото (или, единствено постоечкото) место на желката.

На неоткриените патишта бројот им е поголем или (барем) еднаков на бројот на Непознатите (Испитувачи=Испитаници, Самоиспитаници). Сите само сами на себе самите: од несвесното самочувствување на себеси, па се до: Јас знам дека ништо не знам.

Ограничен со своето знаење за незнаењето, Непознатиот не знае дека е напишана феноменологијата на негативната

---

[41] Црните гусари - во починката, по пловидбата по олујните мориња на "неидентитетот" - со своите бели бродови - во заливот на "идентитетот" - се селат. Оној Кој во "идентитетот" (во кое и да е аподиктичко сознание) не препознае ни една непозната, не знае дека не знае дека е во состојба на гностичка смрт. Само толку, колку "да се знае", зошто Непознатиот на ова ниво на искачување (или: до над самиот амбис на Upit-от, со нурнување во ноќта) на самосвеста ја препознава Непознатата во "стегите на идентитетот". Многумина "Познати", и оние кои не знаат дека не се знаат, во "стегите на идентитетот" се во состојба на инсуфициенција на свеста за Непознатата, барем еден Непознат (беше да е ) во екстаза на фантастичната ноќ на множеството непознати на Непознатата.

[42] Во логичкото надигрување сите се логички играчи: логичното, алогичното и нелогичното.

свест, а ниту философијата на повеста на негативната свест. А Непознатите не можат да дојдат до Непознатата, не ја препешачат ли - секој за себе - феноменологијата на негативната свест ("се разбира", со неизмерна благодарност кон усреќувачката свест на усреќувачите на критиката на "несреќна свест", "несреќна" во однос на судот на усреќувачката свест на усреќувачот, и, секако, со пријателско разделување од мудреците - зналците на мудроста, но без љубов спрема мудроста, кон што, како самиот кажа, тежнеел, со лишување на фило-<u>софијата</u> од <u>фило</u>-софското во себе[43]). Меѓутоа, и ненапишаното да е напишано, Непознатиот, бездруго, би бил (барем) побогат со едно знаење на бројот на скалите[44]

---

[43] Бездруго, фасцинантни се Хегеловите идеи: феноменологии на духот, науки на логиката, <u>односи</u> на атемпоралното и темпоралното, самите идеи на философијата, и конечно, Идеите на идеите, во кои е поставен <u>критериумот</u> на вреднување <u>на кого</u> можеби најтешко може да го задоволи грандиозното Хегелово дело. Ако го превидиме прашањето, дали е можна <u>феноменологијата на духот</u>, возникнуваат други, можеби еретички прашања: дали Хегел ја напишал <u>феноменологијата на духот</u>, во колкава мерка успеал?

Не е ли - како оној <u>првиот</u> во обид да создаде, така да се каже, натчовечко дело - сличен на детето кое само што почнало да учи математика, неопитно во решавањето на проблемот исклучиво со математичка метода, со крајчето на окцето ѕирка кон искуството и кришум си се припомага со емпириската метода? Наспроти на Хегела, а во прилог на Хегел, вредноста на делото можно е да се проценува независно од методата на сознавањето обелоденето во делото (како што е можно и вредноста на методата да се проценува независно од нејзината примена во создавањето на едно дело), меѓутоа, од самата "Феноменологија на духот" мерена со Идејата на феноменологијата на духот, изнурнуваат релевантни методолошки и не само методолошки прашања. Расколот на а-темпоралното јазди и во текстовите со "атемпорални" и "темпорални" и "а-темпорални" претензии - мошне повидливо разорно и стварно, доколку е поневидлив привидот на сигурноста на а-темпоралниот мост.

[44] Дали е било како возможно да се сознае <u>повесно испробаниот</u>

на самоискачувањата на "Познатите" над самите себеси, па и со бројот на залудните искачувања на Непознатите над самите себеси. Вистина, таквите залудности не се какви било залудности, инаку самото испитување и преиспитување на повеста на философијата би било бесмислено, а без смисла би била и севозможната комуникација. Гозба е тоа, и тоа каква! Никој (ниеден) Незнаен не е непоканет гостин на гозба кај "Познатите". Само, да не си се заборави: на самоискачениот нека не му се качува на глава, не длаби ли на клепки и не смее ли да полета од листата на "Познатите". На скалите на "Познатите" нека го компонира некомпонираното, нека го изведува и изведеното и неизведеното, меѓутоа нека не-знаејќи во трансот на интерпретативниот занес не ја заборави онаа една единствена скала на која може да го компонира и изведува неизводливото на скалата на "Познатите": "Не ме следи", (и во слободниот философски превод-препев - важи само за философите, па и со Непознатата, исконска љубопитност) Не "останувајте овде", Сонцето на туѓинското небо нема вас да ве грее, горчлива ќе ви биде секоја голтка на насладата ...

Се разбира, непознат е бројот на можностите т.е. можните комбинации на живеења на Непознатите на непознатите полиња (на непознатиот број на полиња) на Непознатата. Неподнослива е, но не и неверојатна, помислата дека се веќе играни, одиграни и изиграни сите можни игри на животот на Непознатиот-Непознатата, и дека повеќе не е можно да се каже, мисли, забележи, почувствува, доживее што и да е што не е

---

број на спекулативните нишки на скалите на мислење на мислењата, спрема кое би било можно да се мери висината/длабочината на мислењето и повесно ослободената моќ на мислењето - како што е можно да се одреди староста на стеблото, пред да се одлучи волшебникот да ослободи (некоја) форма за душата на музичарот.

веќе доживеано, забележено, помислено, кажано. И сè додека не се побие себеси или не биде побиен, Непознатиот испитува во состојба на дискретна неизвесност дека бројот на можностите на живеења не е помал од бројот на можностите на филозофирања, *ergo*, од бројот на Непознатите.

Нововремените и оновремените се навистина современици според начинот на ориентација и барање на себе во Хоризонтот замаглен со мнението на сепознатоста. Утешно, или не; пивко ил'горко; дури, од личното искуство е, доживеано, самостојно сознаено тоа што е сознаено, независно од тоа дали и другите го сознале тоа истото или барем слично, на истиот начин или на некој друг. Не е едноставно да се пронајде слободно место под Небото на небата. Се работи за исклучителна моќ на концентрација и контемплација, на хиперсензибилитет за хиперсензибилноста на нијансите на неповторливоста. Не ја исчека ли "првата берба", "Познатиот" се распрашува само за староста на виното; најстаро да е, можеби, најмладо е. Навистина, "убаво е и два и три пати да се повторува и испитува што е убавото" - неброено пати, секогаш одново едно и исто, ако е праубавината во Прашање".

Филозофот нурка на дното без-дно, на устието не пие. И не е дека не може и дека не го чини тоа што се чини дека е "не-филозоф", но "не-филозофот" не му ја возвраќа посетата на филозофот, не плива спротивода, не се одлучува да го напушти прагот на наследените "staništa" сплетени од раскоренетото, без: листот, цветот, плодот. На филозофот заградите во "не-филозофските" прашања му се чинат попривидни од привидот на живеење во "staništa-та" без глас на жива душа; на "не-филозофот" оградите му се многу повистинити од самочувствувањето на себе самиот. На самото "stanište" на

"не-философот", крај му нема на најнеобичниот нем(ски) разговор - на предизвикувачот на комични, но и трагични бои на расположенија на лицата на - соговорниците - философот и "не-философот". Оној кој е во незнаење на незнаењето, се пробуди ли во свеста на незнаењето, само самиот се одлучува: да оди или да не оди.[45]

Го чувствуваат - бездруго - волшебниот внатрешен глас на Непознатата - и ако не е извесно дека се свесни за своите чувства. Го чувствуваат - не само атмосферскиот туку и сиот свемир и "потисок" и "притисок" (тој некаков допир на недопирливите - на самата граница на времето и вечноста, на сонот и јавето, животот и смртта - незнаено зошто, но, можеби поради искушување на вечноста на копнежот), како што чувствително или бесчуствително чекорат по свемирот. Зарем на Диоген му е животот без смисла - дво-смислена е вечноста на копнежот, без исход, бесмртна, не ни се дава да ја испитуваме поинаку освен копнејќи. Згдо, не прашувам, слушаат ли, туку,

---

[45] Дилемата "да се оди или да не се оди", секако, претпоставува дека не е невозможно "да се оди" и дека не е невозможно "да не се оди". "Да не се оди", не е ли тоа една можна метода на самосознавање, (на) оној кој се дава да се разбере низ (со) увидот во исконската смисла на философијата, а можеби и дека во тој увид ни е предочено преточено во мислата на Кришнамурти: "Не постои метода на самосознавање". Не можеме да не бидеме во прашален однос (спрема себеси), а Кришнамуртиевата негација на постоењето на методата на самосознавање е разбирлива и оправдана критика најнапред на западноевропската (пред сè на нововековната сциенцистичка) драстична редукција на поимот прашање и поимот испитување. Над истата непроблематизирана претпоставка, во магливиот (-о) спор-прашање за методата на философирањето, на трансфигуративниот пат помеѓу "камилата" и "детето", Лав Шестов е во вжештената жижа на спротивставеноста на умот и срцето: "Во средниот век, човекот го чувствувал, примал својот живот; не, не испитувал, тоа ние испитуваме ..."(?).

"не-философот", крај му нема на најнеобичниот нем(ски) разговор - на предизвикувачот на комични, но и трагични бои на расположенија на лицата на - соговорниците - философот и "не-философот". Оној кој е во незнаење на незнаењето, се пробуди ли во свеста на незнаењето, само самиот се одлучува: да оди или да не оди.[45]

Го чувствуваат - бездруго - волшебниот внатрешен глас на Непознатата - и ако не е извесно дека се свесни за своите чувства. Го чувствуваат - не само атмосферскиот туку и сиот свемир и "потисок" и "притисок" (тој некаков допир на недопирливите - на самата граница на времето и вечноста, на сонот и јавето, животот и смртта - незнаено зошто, но, можеби поради искушување на вечноста на копнежот), како што чувствително или бесчуствително чекорат по свемирот. Зарем на Диоген му е животот без смисла - дво-смислена е вечноста на копнежот, без исход, бесмртна, не ни се дава да ја испитуваме поинаку освен копнејќи. Згое, не прашувам, слушаат ли, туку,

---

[45] Дилемата "да се оди или да не се оди", секако, претпоставува дека не е невозможно "да се оди" и дека не е невозможно "да не се оди". "Да не се оди", не е ли тоа една можна метода на самосознавање, (на) оној кој се дава да се разбере низ (со) увидот во исконската смисла на философијата, а можеби и дека во тој увид ни е предочено преточено во мислата на Кришнамурти: "Не постои метода на самосознавање". Не можеме да не бидеме во прашален однос (спрема себеси), а Кришнамуртиевата негација на постоењето на методата на самосознавање е разбирлива и оправдана критика најнапред на западноевропската (пред сѐ на нововековната сциенцистичка) драстична редукција на поимот прашање и поимот испитување. Над истата непроблематизирана претпоставка, во магливиот (-о) спор-прашање за методата на философирањето, на трансфигуративниот пат помеѓу "камилата" и "детето", Лав Шестов е во вжештената жижа на спротивставеноста на умот и срцето: "Во средниот век, човекот го чувствувал, примал својот живот; не, не испитувал, тоа ние испитуваме ..."(?).

нели ја - го прашувам Питагора - испиле прерано целата горчина на "солените води", (и) прерано пре-стапиле на она "страшно место" засекогаш лишени од слухот, пред да се воспитале (огледале) за она едно единствено богатство на оној кој само со самиот себе е. А "на сите луѓе им е дадено да се сознаат самите себеси", ако може да му се верува на "Темниот" самосознавачки "апсолут". "*Te hominum esse memento*"! Ако сакаш, ако се одлучиш, обиди се со "слободното предавање на проблемите" да дојдеш до почетокот - меѓутоа, и тоа е совет на толкувачот на сопствениот "сон за филозофијата како строга наука"(!) - "важи"? Ако се "спалиш" себеси, ако е било што благородно, ќе блесне со блескавиот незгаслив сјај онаа незгасната искра на исконот на самите нас; (а ако не, не можеш да знаеш ни дека си постоел, па се чини дека во само-измама си живеел). Не ги исправувај "кривите Дрини" - а не можеш, па и да сакаш, "чкртањето на волјата" ќе го почувствуваш и ако не сакаш - соло испитувајќи, меандрирај со величествениот слалом на искачување кон божественото во себе самиот. Сите Непознати на својот начин нека се следат себеси - на спекулативните нишки на мислењето на мислењето, или на некој друг начин - така долго и доследно патувајќи по темпоралниот пат се додека не застане здивот од изненадувачкото препознавање на Непознатата во себе, атемпоралноста во темпоралното, умот во не-умното. Тука, "на крајот на светот" ќе се најдеш на почетокот, повторно; и тоа не "како да", туку, за прв пат знаеш дека не се знаеш; тука, во тој миг-точка на концентрација и деконцентрација, на разделба и повторна средба со самиот себе: на оној кој се дава да се поучи и на оној кој е чудесен во поучувањето, кој е самиот на себеси ученик-и-учител. Ферикид. Самата вечност на испитувањето е потребна за исчитување,

преведување и запишување на прочитаното од светот на мисленото забележување, доживување, ... Прашање...

# XII

"Сѐ се менува"? Но, "природата љуби", туку така, Непозната "да се крие"? Кој му суди на Судијата? Кој е самоисклучениот Судија на бесмртниот Суд и "пресудата" на живот и смрт на осудените, "на сите" и "секого", "сѐ на сѐ", освен ... ? Прашалната свест се извишила над себе, во себе ги идентифицирала <u>формите</u> на Прашањата=Одговорите како такви: "кои се само замисливите патишта на испитувањата?", се прашувал Оној кој, идентификуварајќи се себеси како Непознат во Непознатата, беше наклонето примен од Нејзе, од Божицата, - Она Нему беше да е Ананке[46]. Моментот на распознавање на атемпоралноста, беше во темпоралното, вечноста во мигот, моментот на "раѓањето на умот" е единствен датум во вечниот календар на повеста на испитувањето, во однос на кој го <u>мериме</u> (времето на) испитувањето и испитуваното, во разликите на "пред" и "по" себе (се) мислиме "на патот" спрема "горе"-"доле"[47]. "<u>Исходот</u>"

---

[46] Философското чудење над <u>Ананке</u> не пресушило ни по сите епохи на философирање. Историско философски се занимливи нововековните чудења на откритието на веќе откриеното, Хјум и "пробудениот" Кант го откриваат неемпирискиот карактер на "само замисливите" темели на науката, неемпирискиот карактер на <u>релациите</u>, а дали се модалните категории што и да е друго освен релации или својства на релациите? А тоа дека сиот Проблем е во "Проблемот на односите ... ", па дека и не можеме да не бидеме во некаков однос, дури, ни пред, ни по раѓањето, во таа вечна загатка се одгатнува самата вечност.

[47] Философите го слават својот философски роденден на "денот на битието", *ergo*, мигот на откровението на себе, *αρχαι*-те на философијата, по изведувањето на себе од "мрачниот ден во денот на битието", "горе", "на светлост"; во тоа, се чини, нема ништо необично; необично е наизглед обичното - иако не потполно и не на сите - философско насетување (или

од испитувањето на Прашањето е во самото Прашање: во "убаво обликуваната Вистина сигурно е срцето"; "во срцето на срцето" - философ - да се биде; како птицата бену на богот на Сонцето; "во дното на прозорот на Душата", под онаа "тринаеста одаја во која сè уште, секогаш, се чувствува мирисот на убавината ...".

(На)вистина, не е сознаена Вистината, но Непознати сме се распознале во својата непознатост во прашањето на Вистината, на почетокот=крајот - или во срцето (центарот) на Прашањето - на можните "патеки на Уверенијата (кои) Вистината

---

насетувањето на философот) за таинствениот миг на зачнувањето на Атина во Ѕевсовата, а Минерва во Јупитеровата глава, односно, за мигот на самоосвестувањето на заточениците дека се заточеници на "самицата". Сократ е најнеобичниот "заводник" според неодгатливиот начин на кој ја "расипува младината", а "секој сам во себе го бара и наоѓа она убавото и тоа убаво го изразува", "причина на тоа му е Бог и Јас" (една, две, троедна ил' колку ли сè непознати во објаснението="причината"?). Начинот на кој учителот го наведува ученикот на самите извори на себе самиот, па начинот на барање на можности за изведување кон "горе", одлики се на неодгатливо едноставната метода на Фенератиниот син.

Нововековниот "пресврт" во начинот на философирањето, во намерата патот спрема горе да се скрати до некаква нулта а-темпорална точка на блиц самооткровение на философот на самиот философски врв-почеток на философирањето - Коперник, Галилеј, Кант, Расел-Вајтхед, ... ; дури и, Ничеовиот Заратустра (тој Анти-Сократ во кој позниот Ниче "одново" го препознал Сократа, "... личи ..."?!) "глумецот над глумците", на самиот почеток веќе е "очи в очи" со Сонцето, на врвот, "над" самиот себе, над светот - можеби е, а можеби и не е подготвен со севкупната историја на философијата, само, се чини дека е тоа време на историски само-заборави демистифицирани во начинот на философирање на "современите" (во состојба на "потресеност", "очај", "грижа", "мачнина", "преку" ништавилото до Изворот). Таков е патот низ патеката "тешка и стрмна, тесна како работ на сечилото", на Питија ил' Пилата?

<u>ја следат</u>". <u>Едното</u>, апсолутно прашање - Прашањето - се испитува самото себе со множеството прашања во мноштвото ликови на испитувачите=самоиспитаниците.

Темпоралната свест свесна е за атемпоралноста, темпоралното мислење ја мисли атемпоралноста, но, свесноста за атемпоралноста "неизлечива" е од темпоралноста[48]. Како е инаку можна хроничната "болка" на излагањето (прашањето е тука: дали само на излагањето?) на "Науката на логиката" во категориите или "категориите" - или што друго? - "премин", "рефлексија", "развој"?! Логичкото "движење" е само метафора за движењето на темпоралното мислење на логичкиот свет, "во" логичкиот "простор" и логичкото "време". Категориите на темпоралното се атемпорални, *ergo*, хетерологички, како такви веќе се неми жители на светот на категоријалната логика: ништо свое не можат да искажат ниту за себе, ниту за другите жители. "Просторот" е без простор, "времето" е атемпорално[49]. "Вечноста" е проблематична криптомена на негацијата на темпоралноста во (проблематична) афирмација. Едното и исто СЕГА е и не е едно и исто. Или апсолутен идеалитет - па макар како онтолошки, гносеолошки и аксиолошки и како се не го

---

48 Подеднакво е на место и тезата: темпоралноста е ("неизлечиво") атемпорална.

49 Во Аристотеловата идеирана Философија во Идејата на "мислењето на мислењето" како нововековното мислење, во себе, повторно да го=ја открило расцепот=апоријата, по лачењето на "мислењето"и "мислите". Мислителот е над амбисот на прашањата: како е воопшто можно мислењето, *ergo*, како е воопшто можна философијата? Хегел не го "решил" "решеното": апории, антиномии, раскол, апсурд, на а-темпоралната свест; Хегеловиот увид во "мислењето на мислењето" ги открива некои релации или својства на релации помеѓу "мислењето <u>и</u> мисленото на мислењето". Со идеирањето (и) темпоралноста, мислителот, мислењето и мисленото се самохибернирани во привидот на апсолутната атемпоралност на апсолутната идеја или идеи на апсолутот, *ergo*, во светот на "Науката на логиката".

толкувале самиот идеалитет - или е невозможна која и да е точка на гледиштето на кое и да е испитување на темпоралниот свет[50]? Апсолутниот идеалитет е чистата Форма на Прашањето-Одговорот. Апсолутната извесност на неизвесноста е самата идеја на апсолутната само-извесност; невозможно е да се испитува нешто друго освен Прашањето, а смешно е наслепо да се бара Испитаникот вон Испитувачот. Во мрежите на апсолутниот идеалитет се и морето и морепловците, а рибаревите се само неуловени, зар не, одгатнувачу на "прашањето за методата" на испитувањето? Кој не е Диоген во "Судот"? Кој е без фенерот? Кој бара што и да е друго?

---

[50] Ми се чини дека толкувачите на толкувањето се до сега не ја "забележале" подлабоката, философска смисла на философскиот јазик на философите од "островото" на океанот на искуството обелоденето во зборовите "идеја" и "комбинација на идеи". Бесконечното множество точки на предност на Желката над Ахил се транс-формирало во магиите на Ахиловите магични летала.

XIII

Европската повест на философските испитувања се сеќава на својот прв философ - во ликот на својот временски прв философ. Можеби Талес го поставил и испитувал временски првото философско прашање, но прашањето "Што е?" не е логички првото философско прашање. Временски првиот философ можел да постави и некое друго философско прашање - а освен временски друг и не постои друг философ, секој философ и секоја философија, и Он и Она се први, единствени - повеста на философијата можела да никне од поинакви корени, да се однегува на поинакво тло, да расте, цвета и да се плоди во поинакви младости. Талес можел поинаку да одговори на поставеното прашање, можел воопшто да не одговори. Философот е философ според тоа што во (кое и да е) прашање го распознава апсолутниот хоризонт на Непознатата; тоа е нужен и доволен услов за самооткровение на философот во себеси "не-философот".

Мноштвото философски одговори на она едно (логички едно) прашање, "Што е?", временски му претходело на поставувањето на логички првото прашање (наедно, на прашањето на самата логика), на најрадикално поставеното философско прашање. Среде изобилството на философските одговори, Оној кој не (се) знае, Испитувачот, Непознатиот, во самото испитувано прашање - "Што е?" - го с(п)ознал скриеното прашање: "Ш т о ... , Е ... ?!" Дали сме без здив во мигот на чудење, да здивнеме крај најдлабокиот и најладен вруток кој кога и да е и кој и да е испитувач го открил? Повратникот од екстазата или нирваната или кој како веќе сака да го означи тоа што не се дава да се означи, алогичната состојба на

укинатите и сочуваните разлики на знакот и означеното, на времето и вечноста - опиен, капка не искапи ги испиша - песмите над песмите - зборовите на зреење чудење-восхитување на откровението на Непознатата Божица во себе Непознатиот[51]. Ако се наоѓаме крај Изворот на изворите, ниту еден единствен не е изгубен, ниту засекогаш пресушен во времето-просторот на (ново-вековниот или кој и да е) заборав-от. И кој се и кој не се опивал на кој и да е извор, нека на никој ниту еден извор никогаш не му биде устие за исплувка на душата, телото и духот - амането на изворот е единствен.

"Што, е?!"? За прв пат е поставено - "разумно" изговорајќи го - "не-разумното" прашање, УМНОТО прашање, прашањето на УМОТ, прашањето на Исходот на испитувањето, прашањето на Одлуката. Ужас и/или прекрасност на прашањето! Не-разумното прашање на не-разумниот филозоф предизвикува воодушевување на посветените, индиферентност или смев и подсмев на лаиците, го распаметува (из-без-умува) и скандализира мнението, ја вознемирува нечистата совест, го распалува гневот на моќта на предрасудите и осудите на филозофите на смрт или прогонство од онаа страна на здравиот

---

[51] За разлика од Платона и Плотина, можно е (да се претпостави) дека "повратникот" ништо не заборава, *ergo*, неговиот проблем не е во заборавањето-сеќавањето, туку во искажувањето на неискажливото, во поимањето на непоимливото, во опишувањето на неописливото, во изразувањето на неизразливото, во неволјата на "преведувањето" на вишите степени на сознавање на нижите. Освен тие и некои други, некои други се тривијални неволји, но трагикомични можности за неразликување на најмудрите од бедната баналност позади која "јазикот на насетувањето" на најмудрите; можеби тој мамлив изглед е добредојден за комедиографите на ликовите на лековерните толкувачи кои или ја дивинизираат баналноста или ја сатанизираат мудроста.

разум. Спроти незнаено кое веќе враќање во Непознатото, во Сократа не беше згасната искрата на надежта во невиноста на поставувањето на прашања во Адот. Навистина, дали поставувањето на прашања е аналогно на првобитниот прометејски инцидентен чин на кражба на "вечно живиот" - свет - "оган", или, првобитниот грев на Адам и Ева - "инцидентно" и "грешно" спрема мерката=одговорите=боговите во кои "верува народот"? Ако е тоа начинот на искушувањето на слободата, на исправување и воздигнување на само-свеста, тогаш Испитувачот не бара ослободување од одговорноста. Тајната - на Артемидиното присуство на раѓањето на Одговорот - засекогаш е скриена во Одговорот на Прашањето.

Прашањето "зошто нешто, а не ништо?" (и, аксиолошки "превреднуваното": "зошто ништо, а не нешто?") можеби е "она правото", по мерката и вкусоот на повеќемина од оние кои се секогаш сами - иако ни тој суд не може да го оправда ни Кантовата критика на моќта на судењето - меѓутоа, Парменидовото прашање е најрадикалното поставено прашање; скандал за човечкиот разум, за верата, за сите мненија и со мнението сокриените "само-исклучоци" од Прашањето. Анселмо, Беркли и Декарт повторно го поставуваат вербално-логички едното и исто Парменидово прашање, но во секој друг поглед неповторливи прашања; со превидувањето на проблемот на неповторливоста во повтореното се останува во измамата на наивното уверение за разбирање на прашањето, одговорот и односот прашање-одговор. Навистина, недостасува феноменологијата - ако воопшто е можна - на "доведувањето" во Прашање и искушување во неизвесноста на прашањето како такво. Полимиленнумското повесно искуство е драстично негативно - одговорот нека биде таков каков што е, само да не се биде "во прашање(то)". Можеби, не затоа што се одело предалеку на

бескрајниот пат "горе-доле", туку затоа што или воопшто не се на-пушта наследената позиција или и оние најодлучните се уморени на патувањето низ "џунглата и прашумата" на повесниот сплин, а да не го доживеале моментот на об-е-знаеноста на светот во Прашањето. А, философите, доколку воопшто ја опишуваат состојбата на сопственото философско чудење - необичното чудење на обичното, општепознатото, ... , наспроти обичното чудење на необичното, ... , - посебно ги осветлуваат темните страни: "неописливата" непријатност, неможноста на опстанувањето во амбисот на неизвесноста, немирот, стравот, ужасот ... Друго прашање е дали философот таквата состојба ја означува само како <u>побуда</u> на философирањето или во таа состојба (на доживување на светот) ја <u>пре-познава</u> <u>Идејата</u> на "својата" философија. Оној кој го пишува ова што го пишува, "признава" дека се препознал во Прашањето[52], во магичниот

---

[52] <u>Дури</u> <u>тогаш</u> <u>се</u> <u>сетив</u> за немерливото сопствено незнаење на незнаењето скриено во: "Јас не можам поинаку, освен од сопственото гледиште". Смеа, таква, порано никогаш не сум чул, подоцна, сега ми се чини, никогаш пречул. Спонтан и безопасен како дете, едноставен и лековит како змискиот отров на врвот на стрелата на Сократовата иронија, таинствен како летот на небесните птици. Секој фон, секоја фонема се смеела со безброј алофони: "Браво колега, па, Вие сте прав философ".

Ѕид, Урнатини ... Зов ...

Со испитувањето "Гледиштата на мислењата и мислењата на гледиштето", "Проблемот на идентифицирање и негирање на границите на со-знанието", "Проблемот на постоењето на човекот ... " - и/или со искушувањето на слободата во предавањето на "Проблемот на односот на философските прашања и философските одговори", се најдов во Прашањето и <u>се</u> <u>сетив</u>(!) на <u>првата</u> реченица, на <u>првиот</u> семинар - по философија (,) со магична привлачност, (на) единствениот одговор на прашањето зошто студирам - "бранет" пред магичниот лик на философот во чија смеа го препознав, конечно, мајеутичкиот препев на сонетот:

еротетичен круг на зреење на чудењето и восхитувањето во запознавањето на познатото. "Запознавањето на познатото", *ergo*, во (макар и во "егзактното", со "аподиктичка известност") знаењето може да се открие (привидот на знаењето, *ergo*:) множеството неодгатливи непознаници.

Некои љубители на мудроста бараат "спас" од парменидовските прашања во порекнување на философското во "најфилософското" прашање, *ergo*, во верувањето дека го скротиле со некакво ласкаво признание, дури, го унапредиле, со доделувањето на титулата на потчинето "методолошко" прашање. А која е тоа метода на философијата, ако не е философска или философски втемелена (во овој спор е бесмислено секое заплетување на прашањето на методата на излагање на философијата, да речеме Спинозината, во прашањето за методата на испитувањето), или, кое е тоа прашање на философијата кое веќе не е философско прашање, дали целокупната философија "дреме" на "не-философскиот" одговор на "не-философското" прашање[53]? Во прашање е стравот од дефинитивното напуштање на тлото под себе, стравот од возлети

---

"Наслушни го, ...

...

скриениот пој го наслушни,

...

зошто срцето само родениот екот го слуша.

...

каде целата песна е само твојата душа"

(Павао Вук Павловиќ)

[53] Како да се препознае "не-философот"? Знакот на разбирање на неразбирањето на философските прашања е во прашањата на "не-философот": дали темпоралната свест се "приближува" или "оддалечува" во сознавањето на атемпоралните идеи, дали е во време-просторот можна реализацијата на идеалните светови: слободата, среќата, правдата, државата ...

и летања со сопствените крила - рационализиран во божемното "како да" за слободата на летањето и во самопроекцијата на судијата во осудувањето на слободата на летањето. Децата со задоволство го подражаваат летот на птиците и вистински летаат во соништата; а "мудрите" "не ја сакаат мудроста", реално стоејќи среде реалното поле, (ни птици, ни влекачи се), ги плашат децата и птиците со пофалбите за подражавање на "домашните", и со кудењето на најсмелите надлетувања на непознатите птици над самите себе. На некој, навистина подобро им е да не се ни обидуваат (како што ги советуваше Декарт); не летаат ли со сопствените крила, нека не ги надлетуваат провалиите (Ниче); смее ли кој и да е да ги буди?

И духовните очи стануваат слепи барем два пати, проверено. Магепсани со магијата на Парменидовиот одговор на Парменидовото прашање, како да го превиде самото прашање, и феноменот на односот прашање-одговор. Парменидовиот одговор - Парменидовото Е д н о - не е еден единствен можен одговор на поставеното прашање (иако тој одговор е онаа втемелувачка одлука на европската повест, не само на философијата - спрема само-разбирањето на повеста). Во начинот на разбирањето на прашањето, "што, е?", во самиот квалитет на разбирањето, а потоа во одговорот или одговорите на поставеното прашање, се насетуваат разликите и блискостите на ориенталната и окциденталната , "негативна" и "позитивна" философија. Со себе-откровението-и-светот во Прашањето, ништо не е едно и исто пред и по откровението; ни Парменидовото Едно, ни Анселмовиот Бог, ни Декартовото Мислам, ниту Апсолутот, ниту Јас,, а ниту самото Прашање. Да, можно е разликата да се превиди, да не се почувствува, практично да се занемари наизглед практично занемарливата, можно е - можеби поради или заради некое сосема непознато, несознатливо и неискажливо

само-чувствување - на "капијата на вечноста", над она што е "без дно и обали" (Тагоре), едновремено да се заборави виденото. Но, не го изневери ли секавањето на еднаш самооткровениот во Прашањето, Прашањето му е на Испитувачот-Испитаникот Одговор[54]. Непознатиот, Испитувачот не може да го поништи Прашањето, ниту со кој и да е одговор, ниту со која и да е одлука. Да се одлучиме за некој (друг) можен одговор, можно е, а повеста на философијата е и повест на философските одговори, но и свест за невтемеленоста на сите темели, свест за насетувачкиот трепет на можноста на смислата на живеење. Освен Прашањето (и прашањата) и повестите на радостите и неволјите на испитувањето, нема друг (конечен) одговор на прашањето како е воопшто можно од доживеалицата на "ништавилото" да се раѓа вистинска љубов кон мудроста[55].

Неодгатлива е едноставноста на Парменидовиот одговор[56], онаа и онаква која им овозможува на сите Менони на

---

[54] Колку духовни монади, толку можности на философирањето, а сме се препознале дури во Водата, Воздухот, Оганот и, како да не, во Земјата, Бројот, Едното, Атомот, Идејата, во Бога, во Материјата, во *Cogito*, во Јас, Волјата, Љубовта и Омразата, во кој ли се не егзистенцијал, во Зборот, Симболот, во што ли не, е затоа да би сме се самите на самата граница на времето и вечноста одгатнувале во Прашањето.

[55] Ако е философијата љубов спрема мудроста, тогаш самочувствувањето на философијата е можно да се препознае во "лирското философирање" (Ксенија Атанасијевиќ) на Рабиндранат Тагоре: блиска е како животот, без дно и обали, не можеш да ја запознаеш, радостите и маките и се без граници. Загодочни и се патиштата на настанувањето, траењето и исчезнувањето. Се јавува во сите феномени на човечкото.

[56] Своевиден оглед на еротетичката философија е можноста на идентифицирање на само Едно, но и на цело множество на прашања во Едното. Непознатиот - ослободен од "телесната

овој свет непогрешиво да нагазат на Парменидовиот одговор, и одговорите на сите потпрашања на Парменидовото прашање. Ако, Битието е, а Небитието не е, дали е воопшто возможно прашањето? Одговорот е, Прашањето не е? Одговорот без сопственото прашање, дали е одговор? Ни Одговор, ни Прашање? Дали Битието или Небитието или Битието-Небитието ја исцрпуваат онтологијата на Прашањето? Како било воопшто можно - да се постави Парменидовото прашање, да се испитува поставеното прашање и да се одговори на поставеното и на овие сега поставени прашања - пред да го "сознал одговорот" Парменид на поставеното прашање, а и како е сето тоа можно во светлината на Парменидовиот одговор? На Менона, се разбира, сé му е јасно и не му ни паѓаат на памет прашања, прашањето на прашањето како такво, а откаде ли па, дури и, прашањето на односот прашање-одговор?

Да? Не? Да или Не? Да и Не? Ни Да, ни Не? Не: ни Да, ни Не? ... ?

---

заслепеност на сетилноста"*, дофатената "појмовна заробеност" и стегите на логиката на идентитетот - Ти кој

"Сите Богови со жар ги надаруваш"**

испитувај го множеството прашања во едно прашање, и одговорите во еден одговор, а "за своја душа", како lugarot од изворите со бел камен, испитувај ги прашањата на слободниот дух искрите од Едниот - недокажлив а непобитен - одговор на едно прашање.

* (Од Д. Жуниќ) збор на волшепство на "Ликовите на облиците", на интелектуалната фуга на "Фрагментите за уметноста", на естетичкиот круг на фасцинантното откровение на богатството на "проширеното 'знаење'" на праизворноста.

** Ведски химни - "Иницијација на ученикот" - стих.

- Вие сте мошне љубопитни, што ве засега тоа вас? Зошто сакате да го знаете тоа? Ах ..." Со поставувањето на прашањата, не ја ли откриваме тајната, поречито од кој и да е одговор, појасно од кој и да е кој "молчи говорејќи"? Комедиографот на човечкото пресметал дека Она умее да изговори "Не" на сто триесет и седум илјади начини, а "Да" на безброј начини. "Расправата за не и да, зарем тоа не е едно од најубавите ... дела кое ни останува да го сториме? Меѓутоа за да се изврши тоа ѓаволско дело, зарем за тоа не би било потребен некаков двополов гениј? Затоа тоа никогаш никој нема да се обиде да го стори". На комедиографот не му се непознати обидите на оние кои "умираат од смеа", а ни на оние кои "умират од смеа" не им се непознати комедиографските увиди. Но, што ни вреди сето тоа, кога, на Хајдегера, токму тука, "мислењето му потфрлило"; Сартр, комедиографовиот сосед[57], навистина го опитал, според мислењето на Лешек Колаковски, најамбициозниот проект - ако го превидиме и проблематичното искушување на слободата и проблематичното предавање на проблемот на односот на философските прашања и философските одговори, зарем не? Не се ли смешни философите, ако е одговорот допрен со сугестивното комедиографско прашање:

---

[57] Во овој контекст, па ниту во некаков поинаков во овој проект, не ги испитувам, не првенствено, ниту Сартровите, ниту на некои други испитувачи "испитувањата на прашањето" - како да е нешто друго можно да се испитува освен прашањето. Инаку, Сартровиот "прилог" во потсетувањето на прашањето како такво, не е маргинален, иако Сартровото маргинализирање на прашањето на "облик на однесувањето" е можеби одвај вредно за спомнување во однос на исклучителната методолошка позиција на Прашањето - појдовна - во стратегијата на испитувањето на битието и ништавилото. Според Сартр "ништавилото е услов на Прашањето", според еротетичката философија, битието и ништавилото се само конститутивни моменти на прашањето "Дали?".

"зарем ова, од сите <u>необјавени</u> дела, најдобро не го <u>познаваат</u> ... , зарем не го <u>применуваат</u> најдобро" <u>Оние</u> кои не се, така да се каже, не се философи? Мудри? Зарем не се[58]?

Оној кој го испитувал прашањето, "кои се само замисливите патишта на испитувањата?", зарем не би проговорил со молчењето поречито отколку што би молчел говорејќи: "битието е́, небитието не е́", "исто е да се мисли и да се биде". "Небитие нема", мисли: нужно е да се мисли "незамисливо" е, рече: нужно е да се каже"неискажливо" е, созна: "несазнатливо" е. Знаењето на несознатливоста, искушувањето на неискушливоста, мислењето на незамисливоста, можноста на невозможноста. Говорејќи го она што мисли да го мисли и говори, не го мисли ли и она што не мисли да го мисли, и не го говори ли и она што не мисли да го говори? Дали е можно, а ако е, како е <u>можно</u> да се мисли и рече[59]

---

[58] Балзак, Тајне кнегиње де Кадињан. Ферагус. БИГЗ, Бгд, 112

[59] Ниту зборот "сега" не е можно да се <u>каже</u> во некое едно и единствено "сега". Не изустив ни "е" а "с" веќе се преселило засекогаш во вечноста на минатото; а "г?", а "а?!", дали ќе дојде кога и да е од бесконечно далечната иднина, сѐ уште не чука на "портите на <u>вечното</u> сега"? Навистина, ни "с" не е можно да се каже, невозможно е да се појде а камоли да се прејде молкот на бесконечноста на "ссс ... ". <u>Да се мисли</u>, дали е можно? "ДА"? Како е воопшто можно? Невозможното е?! Со изедначувањето на Мислите-Говорот-Битието, наместо <u>Мислењето</u> и Битието, апориите се дислоцирани во односот Мислење-Мисли, тука е а-темпоралниот "Проблем на односот ...": на "само замисливите патишта и" "испитувања". Не, не сакам да (им, му) судам во Кантовиот суд на философите "философите не знаеле по кој пат треба да се оди", дека се "во постојана меѓусебна кавга околу откритието, кое секој од нив му го припишуваше на својот начин на испитување", дека е "единствена во сетилноста зарасната патека"; туку, со множеството на аргументи да не ја ослабам аргументацијата, па само прашувам, како, критичкиот Кант, можел така самоуверено да тврди дека конечно открил една сигурна метода на философирање, дека е во прашање една

"...небитие нема", *ergo*, да се мисли и рече ...?

Парменидовиот одговор (битието е, небитие нема) на Парменидовото прашање (кои се само замисливите патишта на испитувањата?) е понеизвесен од неизвесноста на поставеното прашање. Не само што не го поништува прашањето, туку, одговорот е само пат (само замислен) на испитување на Прашањето во "сите длабочини и во потполност". Не е ли така секогаш кога филозофот се прашува, ако филозофот одговори на прашањето, ќе разбере ли дека токму тогаш разбрал дека не го разбрал ни сопственото прашање?

Парменидовото прашање ја испитува самата парадоксалност (обелоденета во моментот на стапнувањето на почетниците-учениците Парменидови на Парменидовиот "праг" на испитувањето) на не-извесноста на испитувањето, меѓутоа, ни Парменидовото прашање не е она прашање на прашањето како такво!

Толкувачите на повеста на филозофијата како од

---

"особена моќ", а се подбива на особената моќ на "незнаењето како метода", па и дека е само прашање на "волјата и стрпливоста" на читателот-ученикот па од "оваа патна линија да се направи царски друм" и да го научат "начинот на филозофирањето"; Кант, навистина, без никаков знак за прашање, се разделува од своите читатели-ученици на начинот на филозофирањето, но не е нечувствителен за духот на прашањето скриен со буквата и формата - на едното и исто прашање-одговор - искажан на разделба: дали "не би се можело она, во што низ многуте векови не можело да се успее, да се постигне уште пред истекот на сегашното столетие, имено, дали човечкиот ум не може да постигне потполно задоволување во оние прашања, со кои тој секогаш се занимавал, меѓутоа се до сега без успех". "Се до сега", мисли ли тоа Кант (и) на себе? "Успехот одбива од себе"?

одговорите одвај да ги насетуваат прашањата. Хартмановото "откритие" на заборавот на апоретиката на проблемот; Гадамеровото[60] "признание", "наспроти Платона, ние сме мошне малку припремени за една таква логика" (на прашањата и одговорите); Касиреровото карактеристично чудење, како да е првиот философ што го чита запишано пре неколку милениуми "карактеристично е тоа дека во историјата на философијата самиот 'поим' најпрво се јавува во формата на прашањето"(!), "во Сократовото прашање 'што е?' содржана е метода на 'водење кон' нешто"; Хајдегеровата непријатност на неразбирањето, не сум сигурен дали тука станува збор пред сè за неразбирањето на зборот, неразбирањето на одговорот, ни Хајдегер не нурка кон дното на бездната на Прашањето; па современите испитувања на херменевтиката и можностите на еротетичката логика, и она толку карактеристично "во воздухот" на духот на времето потенцирање на (а-)приоритетот на прашањето - сè тоа е своевидна пролегомена на "девствено" (Шелер) не-повторливото испитување на Прашањето. Една нова "нова ера"[61]?

---

[60] Сочувствувам со Гадамеровиот крик по философското прашање ("сломот на непосредната традиција на философскиот Упит", "повеќе не постои непосреден однос спрема прашањата за нештата на философијата", "непријатност на философската свест"), но не го разбирам неговото во револт искажано обвинение на "проблемот", па ноншалантното лишување на "проблемот" од "прашањето", а по софистификацијата следи елиминација на логичкиот тим на алогични играчи: апориите, парадоксите, антиномиите, расколите и апсурдите на Апсолутот.

[61] Зошто не приредам "гозба" на философите на тема "прашање-одговор"?

Адот веќе е или воопшто не е место за гозби, а на Пустополе се уште ни процветало, ни изникнало од Упит-от на еротетичката философија на испитувачот во дилема - сака најпрво самиот на себеси да си постави уште многу прашања. Поточно, сака да му се случат прашањата, оние кои независно од волјата" на испитувачот, незнаено откаде и како се не

Ниту еден одговор <u>не е единствен</u> ни на едно прашање, ни едно прашање <u>не е единствено</u> ни на еден одговор, *ergo*, еден одговор не е само еден, ако одговара на множество прашања. Без разбирање на <u>поставените</u> прашања, толкувањето може да скита во круговите на одговорите на <u>не</u>поставените прашања[62]. Тоа посекако не е било какво скитање, а и уште како може да биде плодотворно; единствено пријатно или непријатно изненадување е во самата херменевтичка мрежичка: авторот на

---

возникнуваат, паѓаат на памет, ... Инаку, кога се би било до волјата на испитувачот, испитувачот попрво самиот на себеси би си приговорил дека недоволно <u>разговара со самиот себе</u>, а не "зошто не приредува гозба?" без самиот себеси. Се чини дека Протагора не може да го "наплати долгот", но, ученикот не е неблагодарен, туку не може а да не биде сам со самиот себеси во "првата парница". Ниту "Државата" не му беше непозната на Ученикот, тој прочитал и триста устави, но ете, на Ученикот му светнала <u>Идејата</u> на "Поетиката", "Политиката", "Е-Н" "Етика" ... , во која работи "Органонот" на Ученикот. А како од прочитаното и од личното искуство на исчитаното "никнуваат" <u>Идеите</u>, тоа го испитуваат за тоа специјализирани ученици.

* Се чувствува и може да се разбере парадоксалноста на волјата на философот, идеалот на философската волја не-е по волја на философот; "со лишување на философијата од нејзиното име". дали сме се лишиле од парадоксот; дали сме ја одгатнале "мистеријата на љубовта" спрема мудроста, и мистеријата на мудроста сама; дали сме станале помудри!?

62 Од множеството на прашања - кои незнаено откаде ли се не; зошто, на безброј можни начини доаѓаат и си заминуваат - среде втонатоста во ноќта на испитувањето на испитуваното прашање, едно од оние кој знае кога и како посеани "крај патот", "на камен", "в трње" или во бездното на "плодното тло" или пак некое сосема друго кое што понекогаш знае како секое прво нешто да распамети, да ја раскрили мечтата, волјата на вулканот да ја активира, како "судар од громот на мислата во самата себеси" го просветли сецелото поднебје на душата, а "да не падне на испитот на умот", Тоа, Тоа може да биде со испитувачот-испитаникот Едно, единствено Прашање=Одговор.

толкувањето би можел самиот себеси триумфално да се об(е)знае во едно уверување дека го уловил авторот на толкуваниот одговор. А дали толкувачот може подобро да го разбере толкуваното отколку толкуваниот самиот себеси, тоа е - ако го занемариме "чудото невидено" на логичниот брич на логично избричениот парадоксален "бербер" - најпредизвикувачко прашање на херменевтиката; неговата испитувачка вредност е во самото прашање како такво, во разбирањето на апсолутниот хоризонт на прашањето како арена на неограниченото надигрување на можностите на толкувањето (на можните одговори, *ergo*, без фаворизирања и дисквалификации; во таа игра единствено "судијата" може да игра "валкана игра"). Инаку, Заратустриното прашање "Кој е Заратустра?", и прашањето на Заратустрините ученици-толкувачи "Кој е Заратустра?" не е подеднакво и исто прашање! Толкувачот без херменевтичко искуство, со превидувањето на парадоксот и наивно опиен со оптимизмот еманиран од сугестивното херменевтичко прашање, навистина е во опасност да ја искуси горчината на резигнацијата во миг на самоувереност дека го испива славеничкиот пехар. Оној кој го пишува ова што го пишува, магепсан со магијата на Парменидовиот одговор - а кој пак не е, дали е макар на патот да разбере дека не го разбира Парменида - "му го припишал" (што е - е) на Парменида прашањето ""Што, е?!", можно прашање на кое Парменидовиот одговор е еден можен одговор. Повеста на филозофското читање на Парменидовиот збор - се чини, никако да го пречекори оној Рубикон на Парменидовиот одговор - пред сѐ, таа онтологиски го чита Парменидовиот збор. Парменид не прашува "Што е?", ниту "Што, е?", туку: "кои се само замисливите патишта на испитувањето?", "патот", "патеката" се најприсутни и најнеизвесни метафори во Парменидовата песна над песните. Зошто одговорил Парменид така како одговорил? Како ја стигнал

Ахил Желката? Дали Ахил ја одгатнал тајната или Желката му рекла на Ахила - Што? Дали е одговорот одговор на поставеното прашање или на прашањето(а) скриено(и) во поставеното прашање - или пак одговорот е Еден? Залудно прашува оној кој тие прашања му ги поставува на Друг?

Кога Парменид би го знаел она што не го знае, не би Она (Δικη) и прашувала и одговарала, не би "молчела говорејќи", не би го криела дарот божји откривајќи се и во прашањето и одговорот. Како философски да се разбере поетско-митскиот "факт" дека Парменид ниту поставува прашања, ниту одговара на прашањата?

## XIV

"'Нема "Проблем ... '" во <u>об(е)знанетоста</u> <u>во</u> <u>Прашањето</u>. Магепсан од магијата со чудесна моќ - на "умирањето" и "раѓањето" - во убавината на нишките Аријаднини, Минотаур ја испушти и спаси душата и духот на прашањата на воскреснатата љубопитност на учениците во лавиринтот на слободата на испитувањето. Сега не е само "гроб на животот". Надарени со сите дарови, само самите слободно испитуваат и со испитувањето на самите себе си одговараат. А хипо-тезата? Тезеј во вообразбата ќе беше да е само посредник, Епиметеев и Прометеев соучесник втонат во ноќта на самосвеста на делото Дедалово, на островото Елпис ја преиспитува тајната на клучот на Пандорината кутија.

"'Нема' проблем ..."? Тајната на <u>односите</u> на Инспиративното и Инспирираното, на инспиративната и инспирираната мисла, може да биде несфатлива како тајната на самата Инспирација. По(не)кој и да ги знае сите можни значења на "и", се уште е на Парменидовиот "праг" на Зеноновото разбирање на сите можни односи, а во сите можни односи не се обелоденува секоја можност на Непознатите во односот. Бездруго, Тајник (на) неделивиот, од Абдера, повеќе сака да најде една, навистина, причинска врска, отколку да го добие персиското царство. Па кој и да е, ќе најде, не една, и не само причинска врска, ќе ги добие сите можни царства и ќе ги создаде сите можни светови, ако е во една единствена инспиративна врска.

# XV

## "ТЕТРАКТИС"
## Тајните светови во симболиката на логичкото

"Хомоними ... "?
"Најпрво треба да се утврди што ... "?
"Што се однесува до зборовите,
едни се изговараат спрема врската,
а другите ... (?)
... без врска ... "?

Аристотел
(во прашањата на учениците на потопениот Хипаз)

"Не се знае ... "
" ... ами само да ги замислиме
како
... треперења ...
а она на што се однесуваат ...
што може да биде ..."?

Јонче Јосифовски

